1. Регулацијата на поојот наречен Јардерски да се врши според доставената документација, со стационажа од км 0+000,00 (кординати X=544928.351 Y=531027.761) до км 1+573,20 (кординати X=545550.688 Y=529930.390). Доколку во текот на регулацијата се наложи потреба од измени и дополнување на усвоеното решение од водостопански аспект, Инвеститорот е должен за истите да бара претходно мислење и согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање;

2. Доколку при регулацијата на поојот, се зафатат или оштетат постојни водостопански објекти, Инвеститорот е должен на своја сметка да ги доведе во првобитна функционална состојба;

3. Доколку при регулацијата на поојот настанат штети од поплави за кој причинител е градењето на објектите, Инвеститорот е должен тоа да го реши и надомести на своја сметка;

4. При регулацијата на поојот, наносниот материјал (песокот, чакалот и каменот) да се вадат во границите на сливното подрачје според геометриските параметри како што се дефинирани во техничкото решение според доставениот Основен проект со тех.бр.79/2012 од мај 2012 година;

5. По регулацијата, речното корито да се одржува во функционална состојба за пропуштање на големи води во случај на нивна појава;

6. Вадењето на речниот материјал при регулацијата не смее да надмине количина од В= 14123,31м^3;

7. Се задолжува Инвеститорот да води редовна евиденција на дневна основа во дневник за количеството на изваденият материјал (песок, чакал и камен), согласно Правилникот за формата и содржината на образецот и начинот на водење на дневникот за изваденото количество на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела (Сл. Весник на РМ 109/2014);

8. Вадењето, товарењето и транспортот на речниот материјал да се изведува со содветна механизација багер, кипер ,камион.

9. Се задолжува Инвеститорот да изврши уредување на речното корито со дел од изваденият речен материјал со количина од В= 1997,26 м^3;

10. Инвеститорот може да отстрани речен материјал од речното корито во количина од В= 12126.05м^3;

11. За изваденият речен материјал кој не се користи при регулацијата на речното корито, Инвеститорот може да го пушти во промет со испратници издадени и заверени од органот на управата надлежен за работите од областа на животната средина согласно Правилникот за формата и содржината на испратниците и за формата и содржината на Регистарот на издадени и заверени испратници (Сл. Весник на РМ 109/2014).

12. При регулацијата и вадење на материјалот да не се оштéти природната вегетација на сливното подрачје;

13. Вадењето на материјал од природните брегови на речното корито не се дозволува;

14. Инвеститорот е должен да постави геодетски белеги при регулацијата на речното корито;

15. Со регулацијата и вадење на наносниот материјал да не се наруши режимот на течењето на водотекот со кои би се предизвикало поплавување на крајбрежниот простор возводно;

16. При регулацијата на речното корито механизацијата не смее да биде стационирана на едно место за да не дојде до создавање на длабнатини кои би претставувале опасност за луѓето и добитокот;

17. За изваденият речен материјал кој не се користи за регулација, Инвеститорот е должен да пресметува и плаќа надоместок за вадење на песок, камен и чакал 7% од

цената на еден метар кубен песок, чакал и камен согласно член 215 од Законот за води;

18. По завршување на регулацијата, целиот отпаден и помошен материјал да се однесе надвор од речното корито, за да не дојде до нарушување на режимот на течењето, а природната околина да се доведе до првобитната состојба;

19. Инвеститерот е должен по завршуавње со регулацијата до Министертвото за животна средина и просторно планирање да достави геодетски елаборат за состојбата на извршената регулација

20. Доколку се утврди дека во текот на вршењето на регулацијата на поој во населено место с. Гермијан, Инвеститорот не се придржува кон условите содржани во Водостопанската согласност, Министерството за животна средина и просторно планирање ќе донесе решение за запирање на работите и ќе се определи рок за прилагодување кон условите содржани во согласноста.

Водостопанската согласност престанува да важи со престанокот на важење на одобрението за градење согласно Законот за градење.

Општина Новаци поднесе барање број УП 1 бр. 11-32 од 24.02.2016 за издавање на Водостопанска согласност за регулација на поој наречен Јардерски во населено место с. Гермијан, општина Новаци. Кон Барањето доставени се следните документи од кои основниот проект и извештајот од ревизија се во електронска форма:

- Основен проект за уредување на поој во н.м. Гермијан со тех.број 79/2012 од мај 2012 година изработен од Еко Мар Инжинеринг дооел Битола;

- Извештај од извршена ревизија на проектна документација на Основен проект за уредување на поој во н.м. Гермијан, општина Новаци изработен од Аква - Инвест дооел Скопје со број 00-001/14 од 02.2014;

- Решение за одобрен елаборат за заштита на животната средина за проект – уредување на поој во н.м. Гермијан, општина Новаци 11-1813/2 од 14.03.2016 година издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Со овој проект се планира уредување на поојот наречен Јардерски кој поминува по средината на населеното место Гермијан и го дели на два дела. Поојот наречен Јардерски е со голема сливна површина која не е пошумена, па во текот на поојни дождови доаѓа до излевање на поојот при што се поплавуваат куќите што се во непосредна близина на поојот и се причинуваат големи штети. Поради големите штети што ги причинува излевањето на поојот се пристапи кон решавање на овој поој и кон негово регулирање во вкупна должина 1573,20м. Сливната површина на Јардерски поој изнесува 18.57км^2 , должина на вододелницата изнесува 22,17км. Од добиените карактеристики за поојот пресметана е 100годишната вода по повеќе методи и усвоена е Q100=30.55m^3/s.

Јардерскиот поројима пад во горниот тек од 19,70%0.Во влезот на селото Гермијан коритото на поројот има пад од 8%0.. Со пресметките се усвојува трапезно на поројот со ширина б=6,0м ,наклон на косините м=0,5.Табеларно се дадени висините на водата во каналот во зависност од усвоениот пад на нивелетата. Постоечкото корито на поројот е неоформено со мал пресек а на долниот дел под мостот се разлева и нема никаква длабина.За да се изврши правилно нанесување на осовината на поројот потребно е негово исколчување со помош на стручно лице.Бидејќи во постоечката ситуација поројот е со многу кривини на делови од поројот се изврши исправување со отфрлање на неколку остри кривини. Во зависност од дозволената брзина, количината на вода и наклонот на нивелетата усвоен е следниот попречен профил на реката V=6.0m,h=1,0m со наклон на косините од 0.5. Самата изведба на регулација на поројот е следната: Исколчување на каналот према дадените правци и кривина; да се изврши машински ископ на теренот; рачно се докопуваат ножиците на дното на коритото; sидање на ножицата на каналот; поставување на дробен камен на дното на каналот и косините; sидање на камен во цементен малтер на дното и косините на каналот. Sидањето на каналот завршува со бетонски праг со ширина од 80см, а sидовите на каналот се од камен во цементен малтер со д=0.25м и се редени на камени отпадоци со д=10см. Дното на каналот е исто така од камен во цементен малтер. На горниот дел косината завршува со камени подолжни sидчиња со ширина од 0.30см кои му даваат цврстина на sидот и се вклопуваат со околината. Уредувањето на поројот согласно техничката документација е планирано во три фази и тоа: I фаза од стационажа 0+000 до сатционажа 0+615,39; II фаза од стационажа 0+615,39 до стационажа 1+125,28 и III фаза од стационажа 1+125,28 до стационажа 1+573,20 и при тоа предвиден волумен за ископ е 14123,31 m^3, а волумен за насип 1997,26 m^3. Со уредување на сливот и регулирање на поројот со изведба на соодветни градежни објекти и преземање на соодветни мерки ќе се спречат големите штети што ги предизвикува излевањето на поројот.

Врз основа на изнесеното Министерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правна поука: Против ова решение Инвеститорот може да поднесе жалба во рок од **15 дена** од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Изготвил: Даниела Наумоска
Контролирал: Снежана Мартулкова
Одобрил: Илбер Мирта
Согласен: Даниел Ефтимов
в.д. Директор на УЖС

Доставено до: Општина Новаци

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски број: 15-1949/2

Дата: 22.03.2016

ДО: ОПШТИНА НОВАЦИ
7211 Новаци

ПРЕДМЕТ: Извод од Просторен План на Република Македонија 2002-2020

Почитувани,

Во врска Ваш предмет бр. 09-220/1 од 25.02.2016 година (во систем на е-урбанизам бр. на постапка–ИПП 4130), доставен до Министерство за животна средина и просторно планирање под бр. 15-2068/1 од 10.03.2016 год., врз основа на член 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15 и 193/15) и Правилникот за формата и содржината на Изводот од Просторниот План на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 131/15), Министерството за животна средина и просторно планирање издава Извод од Просторен план на Република Македонија 2002-2020 за изработка на Инфраструктурен проект за уредување на водотек-порој во село Гермијан, општина Новаци.

СОДРЖИ:
1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

Прилог 1:
Водостопанска и енергетска инфраструктура
Прилог 3:
Реонизација и категоризација на просторот за заштита

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2002-2020

ВОДОСТОПАНСКА И ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА



P = 250 000

0 5 10 km

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем

22.03.2016

По овластување од министер

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2002-2020

РЕОНИЗАЦИЈА И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ ЗА ЗАШТИТА



P = 250 000

0 5 10 km

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини

22.03.2016

По овластување од министер

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

Препис на поблиските услови од Просторен план на Република Македонија 2002-2020 за изработка на Проект за инфраструктура за уредување на водотек-порој во с. Гермијан, општина Новаци.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура:

Согласно Просторниот план на Р. Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Реализацијата на Инфраструктурен проект за уредување на водотек-порој во село Гермијан, општина Новаци ќе има позитивно влијание од аспект на:

- Ефикасно спречување на пороите и ерозијата преку согледување на проблемот во целиот слив на водотекот, односно избегнување на парцијално решавање на проблемите во ерозивните подрачја.
- Заштитата од штетното дејство од ерозијата и пороите е од висок интерес за Републиката бидејки се штитат урбаните и земјоделските површини и објектите од инфраструктурата.

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Заштита од животната средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Инфраструктурниот проект за уредување на водотек-порој во село Гермијан, општина Новаци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитата на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терн со вегетација и оградување на нагибите.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Да се обезбеди организирано управување со отпад со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Да се обезбеди заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот во насока на зачувување на амбиеталните, естетските и рекреативните потенцијали во просторот.

МИНИСТЕР
Nuzhan Izairi

Изработил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи

ЛЕГЕНДА:

	ЛИНИЈА НА ОПФАТ ОД ОПШТ АКТ	dv	ДВОРНО МЕСТО
	ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА		СТАНБЕН ОБЈЕКТ
	НОВИ ОБЈЕКТИ		ГРАНИЧНА ЛИНИЈА ПОМЕЃУ ДВЕ КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ
	ПОМОШНА ЛИНИЈА	Н	НИВА
	ЈАВЕН ПАТ		ЛОЗЈЕ
	РЕКА		ОВОШТАРНИК
	КАНАЛ	Di	ИНТ. ОВОШТАРНИК
	ГРОБИШТА		ЛИВАДА
	КАМЕЊАР		ПАСИШТЕ
	ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ		ПОНИШТЕН ОБЈЕКТ
	ЗНАК ЗА ПРИПАДНОСТ		
	ПОМОШЕН ОБЈЕКТ		

НАЗИВ НА ПЛАН	ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА		
ИМЕ	ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ВОДОТЕК-ПОРОЈ ВО С.ГЕРМИЈАН, ОПШТИНА НОВАЦИ		
МЕСТО	ОПШТИНА НОВАЦИ		
ФАЗА	ПРОЕКТ		
ДЕЛ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА		
ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА	РАЗМЕР	P=1:1500
ИЗРАБОТУВАЧ	"ЦИВИЛ ГЕО ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Битола ул.'Солунска" бр.187 б тел: 047 609 545 e-maill:civil_geo@yahoo.com	УПРАВИТЕЛ Ратко Божиновски овл.геод.инж.	
ИНВЕСТИТОР	ОПШТИНА НОВАЦИ		
ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ	Ратко Божиновски овластен геод.инж.	СОРАБОТНИК Емилија Јосифовска дипл.геод.инж.	
ТЕХ. БРОЈ	125/2016	ДАТУМ	Април 2016, Битола
ЛИСТ БРОЈ	1		

PE100 da160

PVC KM 75

PE100 da160

PVC KM 75

PE100 da160

PVC KM 75

PVC KM 75

PVC KM 75

10 KV.Вод

ЛЕГЕНДА:

	ЛИНИЈА НА ОПФАТ ОД ОПШТ АКТ		
	ПОСТОЕЧКА ВОДОВОДНА ИНСТАЛАЦИЈА		
	ПОСТОЕЧКА ТЕЛЕФОНСКА ПОДЗЕМНА ИНСТАЛАЦИЈА		
	ПОСТОЕЧКА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА		

НАЗИВ НА ПЛАН	ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
ИМЕ	ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ВОДОТЕК-ПОРОЈ ВО С.ГЕРМИЈАН, ОПШТИНА НОВАЦИ
МЕСТО	ОПШТИНА НОВАЦИ
ФАЗА	ПРОЕКТ
ДЕЛ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ	ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ВКУПНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
РАЗМЕР	P=1:1500

ИЗРАБОТУВАЧ	ЕКО-МАР ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола ул.Јоргов Камен бр.11 тел: 047 231 511 e-mail:marijaajosifovska@yahoo.com
ИНВЕСТИТОР	ОПШТИНА НОВАЦИ
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ	Марина Кевиловска дипл.инж.арх. овластување бр. Б 1.1904 МАРИНА КЕВИЛОВСКА дипл.инж.арх. АРХИТЕКТУРА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА 1904 Б.1.
УПРАВИТЕЛ:	Јосифовска Емилија дипл.геод.инж.
СОРАБОТНИК	Емилија Јосифовска дипл. геод. инж.
ТЕХ. БРОЈ	125/2016
ДАТУМ	Април 2016, Битола
ЛИСТ БРОЈ	2

4.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Вовед

Проект за инфраструктура за уредување на водотек-порој с.Гермијан, Општина Новаци, се донесува во согласност со проектната програма зададена од Општина Новаци и го изработува правно лице со лиценца за изработка на проектна документација.

Проектниот опфат се протега по природниот тек на на поројот во с.Гермијан.

Границата на горенаведениот проектен опфат е дадена во графичките прилози, а вкупната површна на опфатот изнесува 21.214,2м2 или 2,1 ха.

За проектниот опфат издаден е извод од Просторен План на РМ 2002-2020. Проект за инфраструктура за уредување на водотек-порој с.Гермијан, Општина Новаци, претставува основна подлога за Основниот проект за уредување на водотек-порој с.Гермијан, Општина Новаци за добивање на одобрение за градење.

Цели

Проектот кој е основен развоен документ, има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување на заштитни мерки,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- предвидување на мерки за заштита и спасување,
- да ги утврди параметрите кои се потребни за реализацијата на Проект за инфраструктура за уредување на водотек-порој с.Гермијан, Општина Новаци.

Планираната намена во проектниот опфат согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10, 64/11), е следнита:

- Е1 – комунална инфраструктура – уредување на водотек-порој

Општествено-економските цели на идниот развој на Општината произлегува од досегашните тенденциии и сегашната состојба, како и од сегашните и идните потреби и можности. Придефинирањето на целите на идниот развој, респектирани се и промените кои се очекуваат во доменот на општествениот и научно-технолошкиот прогрес.

Во тој контекст се дефинирани следните цели на идниот развој на Општината Новаци:

- потполно овладување на здружениот труд со општествена репродукција преку натамошен развој на социјалистичките самоуправни општествено-економски односи,
- полна и рационална вработеност како битна одредница на социјалната економската и општествената положба на човекот,
- натамошен развој на општествените производствени сили, посебно заокружување на процесот на идустријализацијата,
- елеминирање на стопанската неразвиеност и поедини делови на Општината и намалување на разликите во степенот на развиеноста,

Б.1. МАРИНА КЕВИЛОВСКА дипл.инж.арх. АРХИТЕКТУРА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА 1904

ЕКО-МАР ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола

- подигнување на образовно-културното ниво на сите жители, соодветно на нивната положба и улога во самоуправното социјалистичко општество,

- создавање на оптимална развојна структура

- создавање на таква стопанска структура која се карактеризира со внатрешна динамика и со вклучување на сите компаративни предности на подрачјето во стопанскиот модел,

- развој на индустријата како поттикнувач на вкупниот развој и обезбедување на соодветна акумулација,

- намалување на селското и земјоделското население, зголемување на вработеноста во општествениот сектор и зголемување на вкупната активност,

- интензивни процеси на деаграризацијата и урбанизацијата во кои ќе бидат внесени повеќе квалитативни елементи,

- подигнување на нивото на општествениот стандард и условите на живеењето, и

- подигнување на нивото на материјалните развојни фактори кадровски, организациони и институционални.

Концепцијата на долгорочниот развој на Општината опфаќа главно:

- обележување на трендовите, определување на хоризонтите и дефинирање на развојната фаза во долгорочен временски интервал

- зацртување на стратешки координати на тазвојниот процес и основните економски трансформации што ги придружуваат и условуваат стопанските и општествените движења,

- дефинирање на клучните материјални и општествени цели кон кои треба да се насочи развојната политика и општествената акција, како и зацртување на рамките и основите врз кои среднорочните и краткорочните планови ќе ги конкретизираат и селектираат поблиску целите и задачите на развојот.

Во таа смисла како најосновните насоки во идниот развој на Општината можат да се истакнат следните процеси:

1) Натамошна индустријализација и нејзиното заокружување, при истовремено решавање на одредени инфраструктурни проблеми

2) Ангажирање на расположливата работна сила,

3) Активирање и валоризирање на природните ресурси и

4) Соодветен и побрз развој на преработувачката индустрија

Методологија

Основа за изработка на проектот се Просторен Плана на РМ и Проектната програма, утврдена од надлежните институции и Нарачателот.

Документационата основа, која е прилог кон овој план, е базниот аналитички плански документ врз кој е изработен Проект за инфраструктура за уредување на водотек-порој с.Гермијан, Општина Новаци.

Проект за инфраструктура за уредување на водотек-порој с.Гермијан, Општина Новаци е изработен врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,18/11,53/11).

1. Вид на проектна документација

Проектната документација претставува Проект за инфраструктура, и се изработува во согласност со член 51-а од законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,18/11,53/11) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република

Б.1.
МАРИНА КЕВИЛОВСКА
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
1904

Македонија број 142/10,64/11), како и другата законска регулатива што го допира планирањето.

2. Географска и геодетска местоположба со граница на проектниот опфат

Линијата на новопланираното уредување на водотекот-порој е по должината на постоечкиот природен тек на поројот во с.Гермијан, О п ш т и н а Новаци.

Границата на горенаведениот проектен опфат е дадена во графичките прилози, а вкупната површна на опфатот изнесува 21.238,94м2 или 2,1 ха.

3. Текстуални одредби од изводот од план од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на проектниот опфат

Извод од Просторен План на РМ 2002-2020 година.

4. Податоци за создадени вредности и чинители

Создадените вредности, како чинители кои можат да влијаат врз развојот на просторот во рамките на опфатот на планот, го опфаќаат демографскиот состав, начинот на животот на населението, економскиот развој, сообраќајна поврзаност, инфраструктура, како и употребата на земјиштето во рамките на проектниот опфат.

Намена на просторот

Во границите на планскиот опфат постојат во дел асфалтирани улици и во дел земјени патишта, од кои некои имаат и тротоари и земјени површини.

Податоци за сообраќајна изграденост и поврзаност

Предметниот опфат на овој проект се протега низ селото Гермијан во Општина Новаци нормално на патот што го поврзува селото со селото Бач и селото Кременица.

5. Проектна програма

Проектната програма за изработка на Проект за инфраструктура за уредување на водотек-порој с.Гермијан, Општина Новаци е изработена во соработка со Нарачателот и е во составен дел на проектот.

6. Опис и образложение на планскиот концепт

6.1 Плански концепт за просторниот развој и хармонизација на просторот

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализа на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Проектната програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Истиот е условен и од мерките за заштита и спасување

6.2 Плански решенија за изградба и наменска употреба на земјиштето

Врз основа на проектната програма, проектот предвидува наменски употреби на земјиштето, односно класи на намени:

1. Инфраструктура – (група класа на намена –Е)

- Е1 – комунална инфраструктура- уредување на водотек-порој

Со проектното решение предвидено е уредување на водотек-порој с.Гермијан, Општина Новаци.

Линиски дел

Линијата на новиот водотек порој се предвидува да се протега по текот на природниот порој во рамки на јавно земјиште, соодветно според постоечка подземна инфраструктура со најрационално и најприфатливо според постоечката состојба во селото.

карактеристични детали

Б.1.
МАРИНА КЕВИЛОВСКА
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
1904

Сите вкрстувања со постоечки подземни инсталации, подземни водоводни линии, телефонска инсталација, електрична инсталација, задолжително ќе се извршат согласно законската регулатива.
.

7. Плански решенија на комунална инфраструктура

Основно решение за комунална инфраструктура

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засноваат на постојната и планирана состојба. Истите се изработени во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, релјефни и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа)

Сообраќајна мрежа
Линијата на постоечкиот пород се наоѓа во селото Гермијан и го сечи патот што го поврзува селото Гермијан со селата Бач и Кременица.
Електрични инсталации
На проектниот опфат евидентирани се и прикажани постоечките електрични инсталации, кои се превземени според податоците од одговорот од ЕВН Македонија АД, Скопје КЕЦ Битола и постоечкиот пород на две места го пресекуваат надземни електроводови. При изградба на проектот потребно е да се известат надлежните од ЕВН Македонија доколку има потреба за дислокација на постоечките инсталации.
Гасовод
На подрачјето кое што е предмет на оваа проектна документација не се евидентирани постоечки гасоводи нафтоводи.
Водоводна инсталација
Во селото Гермијан, Општина Новаци има постоечка водоводна мрежа која што е прикажана во графичките прилози според податоците од Јавно комунално прептпријатие "Водовод"-Битола, ул."Климент Охридски" бб, Битола.
Канализациона инсталација
Во селото Гермијан, Општина Новаци нема постоечка фекална канализациона мрежа..
Атмосферска канализација
Во селото Гермијан, Општина Новаци нема постоечка атмосферска канализациона мрежа.
Телефонска инсталација
Во селото Гермијан, Општина Новаци е евидентирана постоечка подземна телефонска инсталација истата е прикажана во графичките прилози според одговорот од надлежна институција за тоа подрачје Македонски Телеком АД, Скопје, Кеј 13-ти Ноември бр.6, Скопје
Кабловкска телевизиска инсталација
Во селото Гермијан, Општина Новаци нема евидентирана постоечка подземна и надземна кабловска телевизиска инсталација.

Одредба за заштита на културно наследство

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (службен весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11), во просторните и урбанистичките планови задолжително да се утврдуваат плански мерки за

Б.1.
МАРИНА КЕВИЛОВСКА
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
1904

спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита. Во дадениот опфат линиската инфраструктура ќе се реализира на постојната сообраќајна мрежа во населеното место. На наведениот опфат постојат реализирани сообраќајници, огради и периоди, простор за кој не може да се даде мислење што постоело претходно, со оглед дека не е детално истражуван.
При било каква градежна активност на просторот во опфатот, обврска на инвеститорот е да се предвиди задолжителен надзор на стручно лице за заштита на културно наследство при било каков градежен ископ на теренот, согласно чл.74, ст.2, точ.2 и точ.5 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.в.РМ.бр.20/04г.)

8. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија

Со Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови и проекти се бара да се изработи економско образложение преку кое ќе се прикажат севкупните вложувања и нивните оправданости. Тоа значи дека треба да се појасни за трошоците за документација, расчистување на земјиштето, инфраструктура и уредување на јавните површини. Секако дека покрај ова и други понезначителни трошоци во билансот на вкупните трошоци за уредување на просторот но овие не се земаат во предвид со оваа анализа. Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат, таканаречено економско образложение, е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите и слични пресметки во идејните и основните проекти, а се изложени на промена на цените, неможност да се утврдат одделни ставки на трошоци, непредвидливост на одделни трошоци, обемот на уредување на градежното земјиште, постојниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостиг на егзактни елементи за докажување на одредени претпоставки и слично.
Поради се ова, оваа анализа треба да се земе апроксимативно и како ориентационо согледување која сосема условно може да се земе како планска одредба.
Реалната проценка за економската вредност на трошоците, направени или што треба да се направат околу урбанизирањето на просторот, проектирањето на целокупната инфраструктура, нејзината изградба, изградбата на објектите и доуредување на јвните патишта во урбаниот модул ќе произлезат од апроксимативните на неколку клучни позиции и тоа:

1.изградба на комплетната инфраструктура во опфатот
2.изработка на целокупната техничка документација за сите позиции заедно со вршење на сручен надзор при изградба на истите (3% од инвестиционата вредност)
Изработката и ставањето во функција на предвидената дејност, ќе обезбеди остварување на стопански активности со директен или индиректен економски ефект. Ефектуирањето на економската вредност на проектот отпочнува со реализација на предвидените инвестиции засновани на планските решенија преку изградба на објекти предвидени со плановите релевантни за опфатот.

Б.1.
МАРИНА КЕВИЛОВСКА
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
1904

9. Мерки за заштита

9.1Мерки за заштита на животната средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (член8) и е регулирана со Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05). Планските решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на Плановите односно проектите произлегуваат и од факторот заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој.

-Закон за животната средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10 и 124/100)

-Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ бр.67/04, бр.84/07, бр.14/06, бр.35/10)

-Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ бр.67/04, бр.92/07, бр.35/10)

- Закон за управување со отпадот (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.107/07, бр.102/08, бр.143/08, бр.124/10)

-Правилник за услови кои што треба да ги исполнуваат депониите (Сл.в. на РМ бр.78/09)

-Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ бр.79/07, бр.124/10)

-Правилник за максимално дозволените концентрации и количества и за други штетни материи што можат да се испуштат во воздухот од одделни извори на загадување Сл. б. на РМ бр.03/90

-Закон за водите (Сл.в. на РМ бр.4/98, бр.87/08, бр.06/09, бр.161/09, бр.83/10)

Со овој плански документ заштитата се однесува на:

*заштита на воздухот

*заштита на водата

*заштита на почвата

*заштита на животната средина преку организирано прифаќање на комуналниот отпад

9.2 Мерки за заштита и спасување

Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04. 86/08 и 124/10) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Б.1.
МАРИНА КЕВИЛОВСКА
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
1904

Мерки за заштита и спасување од пожари, експлозиви и опасни материи
Во согласност со:
- Закон за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 93/12)
- Закон за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр. 67/04)
- Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозиви и опасни материи (Сл. в. на РМ бр. 32/11)
и други позитивни прописи предвидени се следните мерки:
- да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување
- сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Мерки за заштита и спасување од урнатини
Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос спрема слободните повшини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето ќе се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони за тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РМ, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиштето
Мерки за Радиолошка, Хемиска и Биолошка заштита
Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр. 36/04, 49/04. 86/08 и 93/12) член 87 се предвидуваат следните мерки:
-да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските прописи
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

10. Општи услови за изградба
-Сите нумерички податоци во графичките прилози се ориентациони (графички очитани)
Основните решенија за инфраструктурата се дадени на подлоги со прикажана проекција. Бидејќи се работи за основни решенија сите елементи дадени во инфраструктурниот план се менливи доколку проектите од пониско ниво покажуваат поопрадани, поекономични или условени од аспект на време на реализација на решенија.
-Со овој проект се предвидуваат следните наменски употреби на зејиштето (дефинирањето е според член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 142/10 и 64/11)

Б.1.
МАРИНА КЕВИЛОВСКА
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
1904

1.Инфраструктура – (група на класа на намени – Е)
-Е1 – комунална инфраструктура –уредување на водотек-порој

11. Посебни услови за изградба

Посебни услови за градење во оваа документација се однесува на уредување на водотек-порој с.Гермијан, Општина Новаци и тоа:
-Во текот на реализацијата на овој План, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање наматеријални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. в. на РМ бр.20/04), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на чл. 129 од Законот.
-Законска обврска е неопходно да се почитуваат мерките за заштита на животна средина, од влијанието врз животната средина на Проект за инфраструктура за уредување на водотек-порој с.Гермијан, Општина Новаци.
-Законски треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при изработка на проектна документација, согласно Законот за одбрана (Сл.в. на РМ бр.42/01), Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04) и Законот за управување со кризи (Сл.в. на РМ бр.29/05).







ЛЕГЕНДА:

	ЛИНИЈА НА ОПФАТ ОД ОПШТ АКТ		
	ПОСТОЕЧКА ВОДОВОДНА ИНСТАЛАЦИЈА		
	ПОСТОЕЧКА ТЕЛЕФОНСКА ПОДЗЕМНА ИНСТАЛАЦИЈА		
	ПОСТОЕЧКА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА		
	ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ЕВН		
	НОВОПРОЕКТИРАН ВОДОТЕК		

НАЗИВ НА ПЛАН	ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
ИМЕ	ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ВОДОТЕК-ПОРОЈ ВО С.ГЕРМИЈАН, ОПШТИНА НОВАЦИ
МЕСТО	ОПШТИНА НОВАЦИ
ФАЗА	ПРОЕКТ
ДЕЛ	ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ	СИНТЕЗЕН ПЛАН-ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН НА ПОСТОЕЧКА И НОВОПЛАНИРАНА ИНФРАСТРУКТУРА
РАЗМЕР	P=1:1500
ИЗРАБОТУВАЧ	ЕКО-МАР ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола ул.Јоргов Камен бр.11 тел: 047 231 511 e-mail:marijaajosifovska@yahoo.com
ИНВЕСТИТОР	ОПШТИНА НОВАЦИ
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ	Марина Кевиловска дипл.инж.арх. овластување бр. Б 1.1904 МАРИНА КЕВИЛОВСКА дипл.инж.арх. АРХИТЕКТУРА Б.1. ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА 1904
УПРАВИТЕЛ:	Јосифовска Емилија дипл.геод.инж.
СОРАБОТНИК	Емилија Јосифовска дипл. геод. инж.
ТЕХ. БРОЈ	125/2016
ДАТУМ	Април 2016, Битола
ЛИСТ БРОЈ	3

ИВАНОВ
инженеринг
инженеринг проектирање надзор изведување
WWW.IVANOVENG.COM.MK

ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА С.ГЕРМИЈАН

ОПШТИНА НОВАЦИ

ДОНОСИТЕЛ:
ОПШТИНА НОВАЦИ

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
0801-15-02/15

ДАТУМ:
03/2016

ИЗРАБОТКА:
ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ БИТОЛА

С о д р ж и н а

- Насловна страна

Податоци за изработувачот

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Решение за овластени планери
- Овластувања на вработените

Извод од план

Проектна програма

Мислења и податоци од комунални претпријатија и овластени институции

Документациона основа

А. Текстуален дел:
Вовед
1. Површина и опис на границите на проектен опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на проектниот опфат
3. Податоци за природни чинители
4. Податоци за создадени вредности и чинители
5. Инвентаризација на земјиштето во проектниот опфат, изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и зеленилото
6. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење и културни предели (заштитно-конзерваторски основи)
7. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура

Б.Нумерички показатели

В. Графички дел:
1. Извод од план
2. Ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат 1 : 2500
3. Инвентаризација на изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура на земјиштето во проектниот опфат 1 :2500
4. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура 1 : 2500

Проектна документација

А. Текстуален дел:
1.Проектна програма
2.Вид на проектот, назив на подрачјето на проектниот опфат, површина на проектен опфат, единица на локална самоуправа на која припаѓа подрачјето
3.Опис и образложение на проектниот концепт
4.Опис и образложение на проектни решенија за изградба, наменска употреба на градежно земјиште, сообраќајна и комунална инфраструктура
5.Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
6.Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Б.Нумерички показатели

Б. Графички дел:
1. Намена на земјиштето и градбите, површини за градење и нивелациски план 1 : 2500
3. Инфраструктурен план 1 : 2500
4. Синтезен план 1 : 2500

Место:	Општина Новаци
Предмет:	Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура и фекална канализација с.Гермијан, Општина Новаци
Изработка:	Иванов инженеринг дооел Битола
Работен тим:	Сашко Иванов диа
	Натали Ташевска-Гулевска диа

НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА
дипл.инж.арх.
Овластен планер 0094

Технички број:	0801-15-02/15
Дата:	03. 2016

Број: 0809-50/150120160006853
Датум и време: 5.2.2016 г. 11:04:15

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5437415
Назив:	Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола
Седиште:	БОРИС КИДРИЧ бр.12/16 БИТОЛА, БИТОЛА

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Изготвил:

Овластено лице:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 18 СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
("СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР. 51/05 и 137/2007")
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ИЗДАВА

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

БРОЈ 0023

НА

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,
ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ - БИТОЛА

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ ЗДОБИВА СО
ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СОГЛАСНО ЗАКОН

ЛИЦЕНЦАТА ВАЖИ ДО : 29.01.2019 год.
ИЗДАДЕНО НА : 29.01.2009 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР

Миле Јанакиески

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15), Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

САШКО ИВАНОВ

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 16.07.2020 год.

Број: **0.0095**

Издадено на: 16.07.2015 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15), Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 16.07.2020 год.

Број: 0.0094

Издадено на: 16.07.2015 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 15-7923/2

Дата: 02.11.2015

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До: ОПШТИНА НОВАЦИ

Предмет: Извод од Просторен план на Република Македонија 2002-2020

Врска: Ваш бр. 09-817/3 од 10.9.2015 год.

Врз основа на член 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 44/15) и Правилникот за формата и содржината на Изводот од Просторниот План на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 131/15), а на основа на барање на Општина Новаци (бр. 15-7923/1 од 13.10.2015 год.), Министерството за животна средина и просторно планирање издава Извод од Просторен план на Република Македонија 2002-2020 за **Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализациона мрежа во село Гермијан, Општина Новаци**.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ**:

Прилог 1:
Водостопанска и енергетска инфраструктура

Прилог 2:
Реонизација и категоризација на просторот за заштита

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2002-2020

ВОДОСТОПАНСКА И ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА



P = 250 000

0 5 10 km

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем

02-11-2015

По овластување од министер

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ * СКОПЈЕ

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2002-2020

РЕОНИЗАЦИЈА И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ ЗА ЗАШТИТА



P = 250 000

0 5 10 km

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини

02 - 11 - 2015

По овластување од министер

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**:

Препис на поблиските услови од Просторниот план на Република Македонија 2002-2020, за изработка на **Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализациона мрежа во село Гермијан, Општина Новаци**.

Урбанизација и систем на населби

- Проектот за инфраструктура за изградба на фекална канализациона мрежа во село Гермијан, Општина Новаци би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефект.
Во планскиот период во ВП "Пелагонија" се предвидува изградба на акумулациите "Бучин" и "Скочивир" на Црна Река и акумулацијата "Цер" на Церска Река. Водите од овие акумулации се предвидуваат за наводнување на обработливите површини, производство на електрична енергија, водоснабдување на населението и индустријата. Исто така овие акумулации ќе обезбедат и заштита од големи води-поплави и заштита од наноси.

4. Податоци за создадени вредности и чинители

Создадените вредности, како чинители кои можат да влијаат врз развојот на просторот во рамките на опфатот на проектот, го опфаќаат демографскиот состав, начинот на животот на населението, економскиот развој, сообраќајна поврзаност, инфраструктура, како и употребата на земјиштето во рамките на проектниот опфат.

5. Инвентаризација на земјиштето во проектниот опфат, изграденият градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и зеленилото

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место - теренска работа и направена е детална анализа на добиените податоци.
Проектниот опфат е лоциран во земјиште дефинирано за јавна употреба на кој нема изградени објекти и намената е Е1-комунална супраструктура.

6. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење и културни предели (заштитно-конзерваторски основи)

Во проектниот опфат на трасата, **нема евидентирани недвижни културни добра.**

7. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура

Состојба на постојна сообраќајна мрежа

Во границите на проектниот опфат сите улици се асфалтирани.

Електични инсталации

Нема евиденција.

Хидротехничка инфраструктура

Во с.Гермијан нема постоечка фекална канализација.
Со трасата на планираната фекална канализација се вкрстуваат подземни постоечки инсталации:
-ф160, ф90 и ф75 водовод

Телефонска инсталација

Нема подземна тф инсталација.

Б.Нумерички показатели

ПРОЕКТЕН ОПФАТ	2.93 ха
ПЛАНИРАНИ УЛИЦИ	2.2 км
ПЛАНИРАНА ТРАСА НА Ф.КАН.	3.3км
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	Е1-комунална инфраструктура Е3-некомпатибилна инфраструктура-пречистителна станица



ВИД НА ПЛАН	ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
ИМЕ	ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА С.ГЕРМИЈАН
МЕСТО	ОПШТИНА НОВАЦИ
ПЛАНИРАНА ТРАСА	ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА-СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА МАГИСТРАЛНА УЛ. НИЗ Н.М.ГЕРМИЈАН И СЕРВИСНА УЛ.1 ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА-ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПОЧЕТНА ТОЧКА – КРАК 1 (КП1521 КО ГЕРМИЈАН), КРАЈНА ТОЧКА – ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА (КП684 КО ГЕРМИЈАН)
ДОЛЖИНА	2.2km СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА 3.3km ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
ДЕЛ	ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА — РАЗМЕР 1 : 2500
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА НОВАЦИ
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094
СОРАБОТНИЦИ	ПАВЛЕ ХРИСТОВ дипл
ПРИЛОГ:	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
ТЕХ. БРОЈ	0801-15-02/15 — ДАТУМ 03.2016 — ЛИСТ 1



ВИД НА ПЛАН	ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА		
ИМЕ	ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА С.ГЕРМИЈАН		
МЕСТО	ОПШТИНА НОВАЦИ		
ПЛАНИРАНА ТРАСА	ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА-СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА МАГИСТРАЛНА Ч.Л. НИЗ Н.М.ГЕРМИЈАН И СЕРВИСНА Ч.Л.1 ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА-ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПОЧЕТНА ТОЧКА - КРАК 1 (КП1521 КО ГЕРМИЈАН), КРАЈНА ТОЧКА - ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА (КП684 КО ГЕРМИЈАН)		
ДОЛЖИНА	2.2km СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА 3.3km ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА		
ДЕЛ	ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА	РАЗМЕР	1 : 2500
	ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ		ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ
	Е1-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА АСФАЛТИРАНИ УЛИЦИ		

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА	УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ dua	
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА НОВАЦИ		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094		
СОРАБОТНИЦИ	ПАВЛЕ ХРИСТОВ dua		
ПРИЛОГ:	ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		
ТЕХ. БРОЈ	0801-15-02/15	ДАТУМ 03.2016	ЛИСТ 2



ВИД НА ПЛАН	ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА		
ИМЕ	ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА С.ГЕРМИЈАН		
МЕСТО	ОПШТИНА НОВАЦИ		
ПЛАНИРАНА ТРАСА	ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА-СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА МАГИСТРАЛНА УЛ. НИЗ Н.М.ГЕРМИЈАН И СЕРВИСНА УЛ.1 ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА-ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПОЧЕТНА ТОЧКА – КРАК 1 (КП1521 КО ГЕРМИЈАН), КРАЈНА ТОЧКА – ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА (КП684 КО ГЕРМИЈАН)		
ДОЛЖИНА	2.2km СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА 3.3km ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА		
ДЕЛ	ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА	РАЗМЕР	1 : 2500
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ		ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ	
ПОСТОЕЧКИ ВОДОВОД			

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА	УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл	
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА НОВАЦИ		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094		
СОРАБОТНИЦИ	ПАВЛЕ ХРИСТОВ дипл		
ПРИЛОГ:	ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА		
ТЕХ. БРОЈ	0801-15-02/15	ДАТУМ 03.2016	ЛИСТ 3

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

А.Текстуален дел

1.Проектна програма

Да се изработи Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура и фекална канализација с.Гермијан, Општина Новаци, според приложените координати на траса и во согласност со:

- Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15 193/15 и 31/16)

- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16)
- Правилник за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. весник на РМ бр. 142/15), како и другите важечки законски и подзаконски акти.

Инвеститор:

Општина Новаци

2.Вид на проектот, назив на подрачјето на проектниот опфат, површина на проектен опфат, единица на локална самоуправа на која припаѓа подрачјето

Проектната документација претставува Проект за инфраструктура, и се изработува во согласност со :

- Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15 193/15 и 31/16)

- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16)
- Правилник за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. весник на РМ бр. 142/15), како и другите важечки законски и подзаконски акти.

Планираната траса на постоечка сообраќајна инфраструктура која изнесува 2,2км и планирана траса на фекална канализација која изнесува 3,3км, а проектниот опфат е дефиниран како заштитен појас од 1м од секоја од страните на трасите и изнесува 2,93 ха.

3.Опис и образложение на проектниот концепт

ПРОЕКТЕН КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ
Проектниот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Проектната програма, во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира проектниот концепт. Истиот е условен и од мерките за заштита и спасување.

ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО
Врз основа на Проектната програма, проектот предвидува наменски употреби на земјиштето, односно класи на намени:
1. Инфраструктура - (група на класа на намена **- Е)**
- **Е1 - комунална инфраструктура – сообраќајна инфраструктура и фекална канализација**
- **Е3 – некомпатибилна инфраструктура – пречистителна станица**

4.Опис и образложение на проектни решенија за изградба, наменска употреба на градежно земјиште, сообраќајна и комунална инфраструктура

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засниваат на постојната и планирана состојба. Истите се изработени во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, релјефни и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа).
Изработено е сообраќајно и нивелациско решение за постоечките улици, дефинирани како Магистрална улица низ населено место село Гермијан – врска со регионален пат Р2338 (делница Меџитлија-Гермијан-Старавина) , Сервисна улица 1 и Пристапна улица 1, со попречни профили прикажани во графичките прилози.
Планирана е траса на фекална канализација со 11 крака и ф200.

5.Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

- Сите нумерички податоци во графичките прилози се ориентациони (графички очитани).
- Основните решенија за инфраструктурата се дадени на подлоги со прикажана проекција. Бидејќи се работи за основни решенија сите елементи дадени во

инфраструктурниот план се менливи доколку проектите од пониско ниво покажуваат поопправдани, поекономични или условени од аспект на време на реализација на решенија.
- Со овој проект се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16)

1. Инфраструктура - (група на класа на намена - Е)
- Е1 - комунална инфраструктура – сообраќајна инфраструктура и фекална канализација
- Е3 – некомпатибилна инфраструктура – пречистителна станица

6.Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
Посебни услови за градење во оваа документација се однесува на постоечка сообраќајна инфраструктура која изнесува 2,2км и планирана траса на фекална канализација која изнесува 3,3км:

- Доколку при реализација на проектната документација дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на РМ, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник на РМ бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15).

- Законска обрска е неопходно да се почитуваат мерките за заштита на животната средина

- Законски треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при изработка на проектна документација, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15)

-задолжително да се почитуваат условите за полагање на инфраструктурни кабли

- Земјаните работи се изведуваат во склад со општоважечките препораки и норми кои важат за нискоградба. Дополнително треба да се води сметка за одредбите кои се специфични за секоја комунална средина.

- При ископ да се внимава да не дојде до оштетување на постоечката улична инфраструктура, и да се обрне посебно внимание на индивидуалните приклучоци кои не се нанесени во подземниот катастар

- Цевководите се поставуваат во земја т.е. во ров со димензии, пресметани и зависно од надворешниот пречник на цевка и најмалото растојание помеѓу цевките "М".
- Длабина на ровот изнесува просечно 80 см. мерено од нивото на теренот до горната обвивка на цевката зависно од класата на оптоварување и номиналниот пречник.. Дали рововите ќе бидат изработени со коси бочни страни и од која длабина ќе биде неопходно разупирање се гледа од стандардот ДИН 4124 дел 4.1 до 4.3. Од стандардот се гледаат потребните агли на нагиб, зависно од квалитетот на земјиштето.

- Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на

соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

Вид на друг цевовод	Вкрстување или паралелно водење со должина до 5.0 (м)	Паралелно водење со должина над 5.0 (м)
Водови за гас и вода	60 см	100 см
Електрични водови до 1 КВ, сигнални или мерни кабли	30 см	30 см
Електрични водови 10 КВ или 30 КВ	60 см	70 см
Поголем број кабли од 30 КВ или кабел над 60 КВ	100 см	150 см

-При пресекувања со други инфраструктурни инсталации, изведбата да се врши под надзор на одговорните служби во чија сопственост се постоечките инсталации

-Доколку дојде до појава на вкрстувања со неидентификувани електроенергетски кабли, задолжително да се прекине со работа и да се известат службите на ЕВН

Б.Нумерички показатели

ПРОЕКТЕН ОПФАТ	2.93 ха
ПЛАНИРАНИ УЛИЦИ	2.2 км
ПЛАНИРАНА ТРАСА НА Ф.КАН.	3.3км
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	Е1-комунална инфраструктура Е3-некомпатибилна инфраструктура-пречистителна станица



МАГИСТРАЛНА УЛИЦА НИЗ Н.М. СЕЛО

СЕРВИСНА УЛИЦА 1

ПРИСТАПНА УЛИЦА 1

ВИД НА ПЛАН	ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА		
ИМЕ	ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА С.ГЕРМИЈАН		
МЕСТО	ОПШТИНА НОВАЦИ		
ПЛАНИРАНА ТРАСА	ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА-СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА МАГИСТРАЛНА УЛ. НИЗ Н.М.ГЕРМИЈАН И СЕРВИСНА УЛ.1 ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА-ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПОЧЕТНА ТОЧКА - КРАК 1 (КП1521 КО ГЕРМИЈАН), КРАЈНА ТОЧКА - ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА (КП684 КО ГЕРМИЈАН)		
ДОЛЖИНА	2.2km СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА 3.3km ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА		
ДЕЛ	ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА	РАЗМЕР	1 : 2500

	ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ
	Е1-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	
	Е3-НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	
	КОЛОВОЗ	
	ПРИСТАПНИ УЛИЦИ/ТРОТОАРИ/ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ	

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА		УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл		
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА НОВАЦИ				
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094				
СОРАБОТНИЦИ	ПАВЛЕ ХРИСТОВ дипл				
ПРИЛОГ:	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ, ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ, НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН				
ТЕХ. БРОЈ	0801-15-02/15	ДАТУМ	03.2016	ЛИСТ	1



ТРАСА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

КРАК 1 ДОЛЖИНА=1458м

1	X=544967.2001	Y=530926.0106
2	X=544983.3290	Y=530892.2450
3	X=544992.5675	Y=530879.6748
4	X=545042.2921	Y=530798.9711
5	X=545102.9074	Y=530707.0460
6	X=545138.7411	Y=530642.3008
7	X=545142.2480	Y=530619.6709
8	X=545137.8974	Y=530597.4936
9	X=545132.0742	Y=530583.6701
10	X=545176.7910	Y=530537.0485
11	X=545231.9624	Y=530479.5271
12	X=545266.5793	Y=530443.4484
13	X=545284.5718	Y=530421.7342
14	X=545298.0651	Y=530395.2763
15	X=545312.5073	Y=530347.4075
16	X=545376.6861	Y=530311.3791
17	X=545417.4400	Y=530278.6009
18	X=545437.1962	Y=530253.6824
19	X=545464.9969	Y=530214.4302
20	X=545487.1912	Y=530183.0938
21	X=545537.1284	Y=530112.5868
22	X=545562.0970	Y=530077.3333
23	X=545619.1631	Y=529978.5291
24	X=545663.8998	Y=529924.1712
25	X=545732.0545	Y=529885.0188
26	X=545781.2981	Y=529875.7411
27	X=545791.5934	Y=529951.7873

КРАК 2 ДОЛЖИНА=83.5м

1	X=545698.9078	Y=529998.6332
2	X=545692.6825	Y=529969.6244
3	X=545663.8998	Y=529924.1712

КРАК 3 ДОЛЖИНА=208м

1	X=545785.2134	Y=530053.4372
2	X=545675.4190	Y=530058.8963
3	X=545619.1631	Y=529978.5291

КРАК 4 ДОЛЖИНА=87.5м

1	X=545306.2994	Y=530259.5275
2	X=545344.3126	Y=530290.0650
3	X=545376.6861	Y=530311.3791

КРАК 5 ДОЛЖИНА=139.5м

1	X=545176.8721	Y=530351.2243
2	X=545204.4902	Y=530415.5457
3	X=545231.9624	Y=530479.5271

КРАК 6 ДОЛЖИНА=178м

1	X=545059.2071	Y=530412.6271
2	X=545108.5361	Y=530470.2491
3	X=545133.6251	Y=530518.1451
4	X=545157.0043	Y=530523.2026
5	X=545176.7910	Y=530537.0485

КРАК 7 ДОЛЖИНА=143м

1	X=544996.6216	Y=530557.2240
2	X=545099.0421	Y=530522.0258
3	X=545133.6251	Y=530518.1451

КРАК 8 ДОЛЖИНА=42.5м

1	X=545098.2126	Y=530559.2740
2	X=545111.4711	Y=530564.2690
3	X=545132.0742	Y=530583.6701

КРАК 9 ДОЛЖИНА=359.5м

1	X=545076.5331	Y=530548.6131
2	X=545041.9908	Y=530605.5299
3	X=545007.3887	Y=530696.3624
4	X=545018.5831	Y=530719.8291
5	X=545023.6939	Y=530738.9581
6	X=545017.2301	Y=530759.6731
7	X=545012.5292	Y=530834.2250
8	X=544989.2508	Y=530865.7648
9	X=544992.5675	Y=530879.6748

КРАК 10 ДОЛЖИНА=190.5м

1	X=544845.7290	Y=530676.0780
2	X=544869.7621	Y=530658.9879
3	X=544962.9310	Y=530701.4770
4	X=545018.5831	Y=530719.8291

КРАК 11 ДОЛЖИНА=410м

1	X=545355.0602	Y=530436.0474
2	X=545316.9914	Y=530444.7461
3	X=545293.3911	Y=530456.7991
4	X=545276.8431	Y=530496.1641
5	X=545297.1760	Y=530517.3993
6	X=545269.3979	Y=530541.8406
7	X=545241.7700	Y=530566.1499
8	X=545219.6448	Y=530588.9909
9	X=545188.8528	Y=530622.6244
10	X=545127.1339	Y=530690.0391
11	X=545102.9074	Y=530707.0460

КАРАКТЕРИСТИЧЕН ДЕТАЛ

Детал на цевка во ров



Широчина на ров



ВИД НА ПЛАН	ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА		
ИМЕ	ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА С.ГЕРМИЈАН		
МЕСТО	ОПШТИНА НОВАЦИ		
ПЛАНИРАНА ТРАСА	ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА-СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА МАГИСТРАЛНА Ч/Л НИЗ Н.М.ГЕРМИЈАН И СЕРВИСНА Ч/Л.1 ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА-ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПОЧЕТНА ТОЧКА – КРАК 1 (КП1521 КО ГЕРМИЈАН), КРАЈНА ТОЧКА – ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА (КП684 КО ГЕРМИЈАН)		
ДОЛЖИНА	2.2km СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА 3.3km ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА		
ДЕЛ	ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА	РАЗМЕР	1 : 2500

	ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ
	Е1-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	
	Е3-НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	
	ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА Ф200	
	ПЛАНИРАНА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА	
	ПОСТОЕЧКИ ВОДОВОД	
	КОЛОВОЗ	



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА	УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл	
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА НОВАЦИ		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094		
СОРАБОТНИЦИ	ПАВЛЕ ХРИСТОВ дипл		
ПРИЛОГ:	ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН		
ТЕХ. БРОЈ	0801-15-02/15	ДАТУМ 03.2016	ЛИСТ 2


МАГИСТРАЛНА УЛИЦА НИЗ Н.М.ГЕРМИЈАН
СЕРВИСНА УЛ.1
ПРИСТАПНА УЛ.1
КРАК 1
КРАК 2
КРАК 3
КРАК 4
КРАК 5
КРАК 9
КРАК 10
КРАК 11
К.О.Ваљ
R50
685
638
639
640
641
642
643
644
645
646
647
648
649
650
651
652
653
654
655/3
656/1
656/2
657
658/1
658/2
658/3
659
660/1
699/1
699/2
699/3
699/4
700
701
702
703/1
703/2
655/1
655/2
655/3
655/4
656/3
656/4
657/1
657/2
698/2
725
726
727
728
729
730
731
732
733
734
735
736
737
738
739
740/1
740/2
741
742
743
744
745
746
747
748
749
750
751
752
753
754
755
756
757
758
759
760
761
762/1
762/2
763
764
765
766
767/1
767/2
768
769
770
771
772
773
774
775
776
777
778/1
778/2
779
780
781
782
783
784/1
784/2
785/1
785/2
785/3
786
787
788
789
790/1
790/2
790/3
791
792
793
794
795
796
797
798
799
800
801
803
804
805
806
807
808
809
810
811
812
813
815
1455/1
1455/2
1458
1459
1460
1461
1462
1483/2
1490
1493
1509
1519
1520/1
1520/2
1521
1522
1523
1541
1573
1112
1129
I=4.17%
I=330
I=2.5%
I=68
I=3.75%
I=375
I=4.17%
I=238
I=4.17%
I=375
I=4.17%
I=330
I=2.5%
I=68
I=3.75%
I=375
I=4.17%
I=238
Ø200
Ø200
Ø200

4. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

За планскиот опфат на УПС Гермијан, Општина Новаци, од страна на надлежните органи и институции не се доставени/изработени студии, елаборати и работни материјали од области релевантни за урбанистичкото планирање.

5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Географска и геопрометна положба

Селото Гермијан се наоѓа во јужниот дел од Општина Новаци и територијата на РСМ, непосредно до границата со Р.Грција. Со мрежата на државни патишта, селото е поврзано преку регионалниот пат Р2338.

Релјефни карактеристики

Подрачјето на село Гермијан се наоѓа на предел на околу 580-620м надморска висина. Теренот е стрмен со падови во повеќе правци.

Геотектонски, инженерско-геолошки и сеизмолошки карактеристики

Според сеизмичката карта на РС Македонија и соодетната секторска студија, поширокото подрачје на Битола во кое спаѓа и предметната локација, се наоѓаат во зона на VIII-ми степен сеизмичност. Значи просторот претставува геолошки предиспониран терен за сеизмичка активност.

Климатски и микроклиматски услови

Во Пелагонија владее модифициран тип на умерено континентална клима со чисто изразени годишни времиња, а на планините се чувствува планинската клима која во зависност од надморската височина е различно изразена. Зимата е влажна и студена, а летото топло и суво. Есента е значително потопла од пролетта. Преминот од зима кон лето е побрз отколку обратно, пролетта е кратка и променлива. Режимот на осончувањето е поволен и овој крај има доста ведри и сончеви денови како и доволен број на часови со сонце. Просечната годишна сума на сончевиот сјај во Пелагонија изнесува 2332 часа. Просечната годишна температура изнесува 11,5°C. Средно годишна максимална температура е 17,4°C, а средно годишна минимална 5,3°C.
Врнежите се одраз на влијанието на медитеранската клима во ова подрачје. Летните месеци се со малку врнежи, а доцните есенски се најврнежливи. Максимумот е во ноември 73mm и во декември 68mm воден талог, а минимумот е во јули 32mm и август 34mm. Просечно годишно на ова подрачје паѓаат 610mm врнежи. Врнежите се најчесто од дожд, просечно 70-80%, а снегот е ограничен во зимските месеци. Просечно годишно има 30 денови со снежен покривач чија максимална дебелина е забележана од 63cm. Мразниот период е долготраен, во просек започнува во октомври, а завршува во мај, но стварниот број на мразни денови е значително помал од деновите на просечниот мразен период. Првиот есенски ден со мраз е 25 октомври, а последниот пролетен ден со мраз е 8 април.
Просечната релативна влажност на воздухот изнесува 75%.
Ветровите се воглавно од северен и јужен правец, а поретко од останатите правци. Северниот ветер е со најголема честина и ја снижува температурата на воздухот. Неговата честина просечно годишно изнесува 183% со средна брзина од 2,2m/s Дува во текот на цела година особено во јули, март и февруари. Јужниот ветер се јавува со просечна честина од 131% и со средна годишна брзина од 3,6m/s Најчесто дува во март, април и ноември и ја зголемува температурата на воздухот. Западниот ветер е со мала честина од 56% и со средна годишна брзина од 3,6m/s Пелагонија се одликува и со појави на локални струења кои во летните месеци делуваат освежително.
Податоците се од мерна станица Битола.

Хидрографски и хидролошки податоци

Селото Гермијан се наоѓа во водостопанското подачје „Пелагонија" кое го опфаќаат сливот на Црна Река од извориштетот до водомерниот профил „Скочивир".

Природни ресурси и природно наследство

Согласно податоците од Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање (бр.11-3466/4 од 16.07.2021год.), планскиот опфат на УПС Гермијан не влегува во граници на зештитени подрачја утврдени со закон.

6. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ СЕ РЕЛЕВАНТНИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ И ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

6.1. Инвентаризација на изграденият градежен фонд, на вкупната физичка супраструктура со одредена намена, состојба, структура, како и на градбите што се во фаза на градење

За целосно согледување на постојната состојба во границите на планскиот опфат направени се детални истражувања.

При увид на самото место инвентаризиран е секој поединечен објект со сите негови карактеристики како и начинот на користење на земјиштето.

Добиените податоци од извршените детални истражувања на просторот се прикажани табеларно како и на графички прилози.

Со анализата извршена е обработка и класификација на добиените податоци, при што се добиени согледувања од повеќе аспекти: изграденост, функционална искористеност на просторот, диспозиција на функции во локалитетот и друго.

Просторот е анализиран во еден дел чии граници се совпаѓаат со границите на планскиот опфат.

Од истражувањето на постојната состојба и увидот на терен, констатирано е дека планскиот опфат во најголем дел претставува неизградено градежно земјиште (околу 66%).

Во однос на намената, околу 25% од површината е ангажирана за објекти за домување која е доминанта постоечка намена во опфатот. Објектите претежно се слободностоечки, густо изградени во мали парцели или во големи селско-стопански дворови, зависно од условите на теренот и релјефните карактеристики на теренот. Во селско - стопанските дворови, освен станбените објекти се наоѓаат и помошни објекти како: плевна, казан за ракија, кокошарник, штали за крави и трла за овци за потребите на нивниот начин на живот.

Во селото Гермијан, за разлика од останатите рамничарски села во регионот на Пелагонија, објектите за живеење во форма на буквата Г не се толку застапени. Има одреден број на релативно нови објекти за живеење со висина од приземје и приземје + кат. Покривањето на станбените објекти е со ќерамида, одреден број од станбените и помошните објекти се покриени со лим. Кај постарите помошни објекти, често, оштетувањата на кровот се санирани и со салонит. Карактеристика на ова село се, сега веќе останати во мал број, доминантните селски дворови оградени со ограда од плитар (делумно во лоша состајба заради користениот материјалот) со големи, наткриени со ќерамида, дрвени влезни порти. Во тие дворови се наоѓаат разместени куќата за живеење и останатите помошни објекти. Повеќето објекти во таквите двориштa, се од плитар.

Во границите на опфатот како постари објекти се црквата, и неколку полуразрушени објекти градени од плитар.

Покрај објекти за домување, во рамки на селото има реализирано и објекти за задоволување на основните потреби на населението, како што се основно училиште до петто одделение (ОУ „Славко Лумбарковски", Новаци, ПУ Гермијан, Општина Новаци) во кое настава посетуваат 6 ученици во 1 паралелка, верски објекти - две цркви („Св. Ѓорѓи" и новоизградена црква „Св.Климент Охридски и Пресвета Богородица") и гробишта.

Од јавните отворени простори во рамки на планскиот опфат се застапени отворен спортски терен и детски игралишта.

Во графичкиот дел од Документационата основа, начинот на употреба на објектите е обележан со следните класи на намени, односно поединачните намени на градбите:

- **А1** - домување во куќи;
- **В1.1** – основно училиште;
- **В5.1** – црква;
- **Д3.1** – спортски терен на отворено; и
- **Н3** - неизградено земјиште.

Демографски податоци

Согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во Р.С. Македонија од 2021 година, во селото Гермијан се регистрирани 195 жители со следната структура по возраст и пол:

Возрасна група - ВКУПНО	Пол - ВКУПНО	Мажи	Жени
	195	99	96
0-4	3	1	2
5-9	9	3	6
10-14	16	7	9
15-19	9	4	5
20-24	11	6	5
25-29	11	6	5
30-34	4	-	4
35-39	15	7	8
40-44	18	12	6
45-49	10	3	7
50-54	12	7	5
55-59	15	8	7
60-64	22	13	9
65-69	14	11	3
70-74	12	6	6
75-79	5	2	3
80-84	3	2	1
85+	6	1	5

Демографските проекции за планскиот период за плански опфат ќе бидат согласно пропишаните во рамки на законската регулатива за урбанистичко планирање нормативи за густината на населеност, согласно соодветниот тип на село.

6.2. Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура

Сообраќај

До подрачјето на планскиот опфат на село Гермијан се стигнува преку регионалниот пат Р2338 кој го поврзува селото со соседните населени места, с.Бач на истоки с.Кременица на запад, како и со остатокот од државата. Трасата на регионаниот пат навлегува низ планскиот опфат на селото.
Пристапите до објектите се преку асфалтирани и земјени патишта со минимални ширини.

Хидротехничка инфраструктура

Согласно податоците од надлежните институции, во рамки на планскиот опфат постои изведена хидротехничка мрежа и објекти:

- ЈП „Стрежево" – Битола (допис бр.09-42/115 од 23.07.2021) – изведен цевковод за снабдување на село Гермијан со сирова непреработена вдоа преку системот ЈП „Стрежево" од ПВЦ цевки (ø160мм, PN 10bar). Заради променливата нивелета на цевководот, точната длабина да биде одредена со рачен ископ.
- ЈКП „Водовод" Битола (допис бр.08-5/72 од 19.07.2021) – изведена водоводна мрежа

За подрачјето на планскиот опфат релевантен е Проект за ифраструткура за сообраќајна инфраструктура и фекална канализација за село Гермијан.
Во графичкиот дел од документационата основа се нанесени и соодветно истолкувани во легенда сите податоци за хидротехничката мрежа добиени од надлежните институции.

Електроенергетска инфраструктура

За постоечката електроенергетска мрежа и објекти се добиени податоци од Електродистрибуција дооел Скопје (допис бр.10-55/6-187 од 07.07.2021), АД МЕПСО (11-3919/1 од 08.07.2021) и АД ЕСМ (08-5462/2 од 03.08.2021).
Во рамки на планскиот опфат има постоечки електро-енергетски мрежи и објекти, односно:
- 0,4kV надземна мрежа;
- 10kV надземна мрежа;
- 10(20)/0,4kV трафостаница.

Постојната елекотренергетска мрежа и објекти е прикажана на графичкиот дел од Документационата основа.

Телекомуникациска инфраструктура и опрема

Согласно податоците од надлежните институции АЕК (допис бр.1404-2015/2 од 13.07.2021), Македонски Телеком АД Скопје (допис бр.36683 од 06.07.2021)., во рамки на планскиот опфат постои изведена телекомуникациска мрежа и објекти: бакарни и оптички кабли.

Гасоводна мрежа и објекти

Согласно податоците од надлежните институции, во рамки на планскиот опфат не постои изведена гасоводна мрежа и објекти: АД НЕР Скопје (допис бр.03-2209/2 од 19.07.2021), АД ГА-МА Скопје (допис бр.0308 – 1109/2 од 17.08.2021).

Топлификациона мрежа и објекти

Во рамки на планскиот опфат не постои дистрибутивна топловодна мрежа и објекти

6.3. Инвентаризација на урбаното и другото зеленило во планскиот опфат

Во рамки на планскиот опфат не постои површина која е инвентаризира како урбано или друг тип на зеленило. Зеленилото е застапено во дворните места или во просторот кој не е изграден, како природно озеленети површини.

6.4. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби прогласени за културно наследство, културни предели и заштитени природни предели, природни блага, добра и други заштитени ентитети

Согласно податоците од Министерството за култура на РСМ - Управа за заштита на културното наследство (допис бр.17-1406/2 од 12.07.2021), во рамките на планскиот опфат постојат заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, односно црквата „Св.Ѓорѓи".

За таа цел, од страна на НУ Завод за заштита на споменици на култура и музеј – Битола направен е увид и се изработени Заштитно-козерваторски основи.

6.4.1. МЕРКИ НА ЗАШТИТА

6.4.1.1. ВАЛОРИЗАЦИЈА

Валоризацијата која следува во прилог е изготвена врз основа на теренските истражувања за потребите за изработка на урбанистичкиот план за село Гермијан, Општина Новаци.

Со оваа валоризација, се врши усогласување со постојните законски прописи, според усвоената методологија со Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културното наследство.
Валоризација во опфатот на Урбанистички план за село Гермијан, се однесува на постојната ситуација. На подрачјето на опфатот се предлага еден да се здобие со статус предлог.

Реден број **1**	
НАЗИВ	Црква „Св.Ѓорѓи", с.Гермијан
ЛОКАЦИЈА	Село Гермијан
АДРЕСА	Село Гермијан
КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА	КП 769
ОПИС НА СОДРЖИНИТЕ	црква
ГРАНИЦИ	Во границите на КП 769
ПОВРШИНА НА ДОБРО	117м^2 (габарит)
АВТОР	Непознат
ВРЕМЕ НА НАСТАНУВАЊЕ	Црквата е градена во 1860 година.

Образложение

Архитектонско стилски особености:
На парцелата се наоѓаат два објекти независни еден од друг и градени во различни временски периоди. Црквата е градена во 1860 год, а додека објектот кој се наоѓа во

подножјето на истата парцела е граден 20век и е посветена на Св.Климент Охридски и Пресвета Богородица.
Црквата „Св.Ѓорѓи" во село Гермијан е главна селска црква и се наоѓа во западниот дел на селото во непосредна близина на основното училиште. Градбата на црквата има правоаголна основа со полукружна апсида на источната страна. Главниот влез се наоѓа на западната страна и над него има ниша со фреска на кој е представен Св.Ѓорѓи. На западната страна се наоѓа влезот во црквата, а над него се издигнува камбанаријата со четвртаста форма во основа и со прозорски отвори со идентична форма и како прозорите на црквата. Црквата има не симетрично распоредени отвори. На фасадите има нагласени вертикални поделби и кровен венец убаво профилиран. На апсидата се повторува кровниот венец како и прозорски отвор и од двете страни лево и десно од прозорецот слепи ниши. Објектот е обоен во бела боја и е покриен со ќерамиди. Во дворот на црквата се наоѓа и помошен објект граден за потребите на населението. Во периодот 1935 -1937 година црквата најверојатно е обновена и живописана според годината напишана на иконостасот и на плочата на влезот во црквата. Внатрешноста на црквата и самата црква се релативно добро сочувани , но видливи се траги на неодржување, влага и други влијанија како и земјотреси кои го погодувале и го погодуваат овој регион, па во иднина потребно е да се превземат мерки на заштита на истиот, а во согласност со важечката законска регулатива.

Конструктивен систем и употребени материјали:
Масивен систем на градба

Претходни интервенции
на објектот предходно е интервенирано

Поранешна и сегашна намена
Црква

Степен на зачуваност
Средна

Во рамки на селото, т.е. опфатот за ЗКО на с. Гермијан постои претпоставено културно наследство, археолошки локалитет од средниот век,на координати 41.057343, 21.729781. Поточно на местото викано „Средсело", КП 1257/1, КП 1267, КО Гермијан, се забележани монолитни камења рачно обработувани со примитивни технолошки методи со цел да се постигне вколчување на одреден објект. На самиот локалитет „Средсело" можат да се пронајдат и површински наоди, односно фрагменти садова керамика од средновековниот период. Во дворот на куќата на парцелата КП 1276 се забележуваат обработувања на карпестиот предел кои кореспондираат со поставеноста на монолитните камења во КП 1257/1 и КП 1267.
Покрај конкретниот локалитет „Средсело" во рамки на целото село може да се најдат материјални остатоци кои датираат од првата светска војна вградени во дворовите и во куќите.

Напомена: Согласно на Законот за заштита на културното наследство за предложените објекти, во законскиот рок, ќе бидат изработени единечни елаборати за валоризација.

Заклучок

За објектите со статус предлог, согласно извршена валоризација, се предлага категорија - Значајно културно наследство.

Контактна зона на црквата „Св.Ѓорѓи" с.Гермијан - со статус предлог е делот од катастарската парцела 802/1 кој е во рамките на опфатот на УПС Гермијан.

граници на контактната зона
- север пристапниот пат до село Гермијан со КП 1483/1
- запад КП 1508, 1507, 1506, 1505, 1019, 1020, 1486
- исток и југ границата на опфатот

6.4.1.2. РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

На подрачјето на опфатот нема објекти, ни археолошки локалитет за ревалоризација**.**

6.4.1.3. КАТЕГОРИЗАЦИЈА

(според извршна валоризација)

За црквата „Св.Ѓорѓи", согласно извршена валоризација, се предлага категорија *значајно културно наследство*.

Улица и КП	Категорија според загрозеност	Категорија според значење	илустрација
1. објектот на Црква „Св.Ѓорѓи" во с.Гермијан КП 769	Незагрозено	Значајно културно наследство	

6.4.1.4. РЕЖИМ НА ЗАШТИТА

Подрачјето на опфатот на УП за село Гермијан - општина Новаци е поделено на три дела и тоа:

- објектот на црква „Св. Ѓорѓи" со КП 769 со статус на предлог – ЗНАЧАЈНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО
- КОНТАКТНА ЗОНА / делот од катастарската парцела 802/1 кој е во рамките на опфатот на УПС Гермијан / и
- зона без дејство на заштита

Зони на заштита

Во просторот на опфатот на УП за село Гермијан, заради обезбедување на состојбата на културното наследство, со дефинирање на заштитен режим се утврдуваат следните зони на заштита:

- Во опфатот на УП за село Гермијан за објектот на црква „Св. Ѓорѓи" со статус на предлог и контактната зона / делот од катастарската парцела 802/1 кој е во рамките на опфатот на УПС Гермијан / се предлага - ЗОНА НА ОГРАНИЧЕНА (гарантирана) ЗАШТИТА.и за контактната зона / се предлага - ЗОНА НА ОГРАНИЧЕНА (гарантирана) ЗАШТИТА.

6.4.1.5. СТЕПЕНИ НА ЗАШТИТА

за подрачјето на опфатот на УП за село Гермијан

- Во опфатот на УП за село Гермијан, за објектот на црквата „Св. Ѓорѓи" на КП 769, со статус на предлог / се пропишува **втор (2) степен на заштита.**
- За контактната зона - делот од катастарската парцела 802/1 кој е во рамките на опфатот на УПС Гермијан, се пропишува **трет (3) степен на заштита**.

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се почитуваат следните општи мерки на заштита:
- Сите превземени мерки на заштита во опфатот се одредуваат според вредностите дефинирани со валоризација и категоризација на објектот со статус предлог, и се изведуваат под надзор од надлежната институција.
- Ревитализацијата е определена во зависност од пропишаниот режим на заштита, а воведувањето на нови функции се сообразува според можностите на зоната.

- На постојните зони во опфатот на УПС Гермијан и тоа: објектот на црквата Св. Ѓорѓи со статус на предлог, и контактната зона / делот од катастарската парцела 802/1 кој е во рамките на опфатот на УПС Гермијан, / не се дозволени никакви интервенции без заштитно - конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство.
- На постојниот објект на црквата Св. Ѓорѓи, во заштитената зона и е предвиден да добие статус на заштитено добро, не се дозволени никакви интервенции без согласност на надлежна институција.
- При обликувањето на надворешниот изглед на објектите, во опфатот на заштитеното подрачје да се користат природни и автентични материјали, а се препорачува и користење на традиционалните начини на градба.
- При планирањето на било каква припремна градежна активност, како законска одредба согласно чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМбр.20/04г.) во случај ако се откријат културни слоеви и наоди од претходно живеење, веднаш да се извести надлежната установа /НУ Завод и музеј - Битола/.

Од аспект на заштита на културното наследство подрачјето на опфатот кое подлежи под (2) **втор степен на заштита**, треба да се почитуваат следните насоки:

- Режимот на заштита од втор (2) степен, се однесува на објектот на црквата Св. Ѓорѓи, категоризиран како значајно културно наследство, во зоната на ограничена, односно гарантирана заштита. На објектот црква Св. Ѓорѓи се дозволува конзервација, реставрација, реконструкција на одредени делови и санација, согласно законската регулатива
- Работите на непосредна заштита не смеат да бидат во спротивност со целите на заштитата и изворниот карактер на добрата.
- При изработката на Урбанистички план за с.Гермијан, во посебните одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата во зоните на заштита, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.
- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе сеизврши ревалоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим

Режимот на **заштита од (3) трет степен**, подразбира

- ограничувања во поглед на габаритот и катната висина на објектите во контактната зона како и прилагодување на архитектонскиот израз кон наследената рурална архитектура и традиционалните материјали и техники на градба.
- Преземањето на мерки на непосредна заштита на постојните објекти во состав на контактната зона се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната установа за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Поединечни заштитени добра
(режим на заштита од втор степен)

Зачувување на изворната состојба на објектот на црквата „Св. Ѓорѓи"

Улица и КП	Режим на заштита (степен)	Опис на интервенции	илустрација
1. објектот на Црква „Св.Ѓорѓи" во с.Гермијан КП 769	Втор степен	Тековно Одржување на објектот, конзервација, реставрација, санација и реконструкци ја на одредени делови	

Со режимот на заштита од втор (2) степен, се предлагаат мерки на зачувување на постојната состојба и секој друг вид директна интервенција на заштитените добра што се преземаат во јавен интерес според чл.11 точ.27 од од Законот за заштита на културното наследство.
Согласно Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторските основи за културно наследство (Сл.в.РМ бр.113/2021) со пропишаните интервенции се планира постојната структура да се зачува во постојна состојба.

7. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Подрачјето на планскиот опфат на УПС Гермијан, Општина Новаци не било предмет на урбанстички план или урбанистичко-планска документација. Според тоа, не може да стане збор за степен на реализација на важечки урбанистички план.

За предметниот плански опфат релевантен плански документ кој ги дава основните влезни параметри и насоки при планирање на просторот претставуваат Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ (2004 - 2022).

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови за планирање на просторот (бр. УП1-15 381/2021 од 26.03.2021). Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот (тех. бр. Y17520 од февруари 2021) се составен дел на Решението и содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повиоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

8. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБИТЕ НА ПРОСТОРОТ

Според заклучоците од анализата на постојната состојба, Планската програма и поставките и насоките дадени со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, можностите за просторен развој треба да се движат во следните насоки:

• Усогласување на УПС со поставките на Просторниот план на РМ дефинирани во Условите за планирање на просторот;
• Поставување на сообраќајна инфраструктура – секундарна улична мрежа, решавање на пристапи до единиците на градежно земјиште, како и на сообраќајот во мирување (паркирање и гаражирање);
• Дефинирање на заштитни коридори на инфраструктурните водови;
• Рационално искористување на градежното земјиште;
• Дефинирање на единици на градежно земјиште со урбанистички параметри во согласност со намената, просторните можности на теренот и планскиот концепт;
• Оптимално димензионирање и доизградба на водоводна инфраструктра;
• Оптимално димензионирање и доизградба на канализациона фекална инфраструктура и на атмосферска канализациона инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и доизградба на електро-енергетската инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и доизградба на електронска комуникациска инфра-структура;
• Рационално користење на земјиштето и градбите со имплементација на услови за заштита и спасување и заштита на животната средина.

Евидентираните состојби на теренот и начинот на реализација на дел од постоечкиот градежен фонд укажуваат на густа изграденост и пристапи кои не се во целост вклопени во правилничките нормативи согласно важечката законска регулатива, па инкорпорирањето на постоечките состојби претставува дополнителен предизвик во планирањето и детерминирањето на условите за просторен развој на предметниот плански опфат.

Проекцијата на потребниот станбен простор во планскиот период треба да се засонова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20-25м²/жител станбена површина, 40-80м²/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елминирање, односно замена на субстандарниот станбен фонд.

При организација на јавните функции за село Гермијан, појдовен елемент претставува постојната мрежа на јавнии функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе биде во согласност со економските, институционалните и други промени кои се во тек. Битна алатка во креирањето на развојните насоки на селото претставуваат и демографските показатели, односно, планираниот број на жители и минималните површини кои треба да се обезбедат за непречено одвивање на животот и работата на сите корисници на просторот во планскиот период.

Урбанистичкиот план со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и подобра комунална инфраструктура, како и непречена реализација на планските одредби.

9. ДРУГИ ПОДАТОЦИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВОТО ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20), пристигнати се информации и податоци од релевантни државни и јавни институции и стручни служби на јавни претпријатија, кои се приложени како дел од оваа точка.

НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - БИТОЛА



ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

за

село Гермијан

Битола 2022 г.

ТЕКСТУАЛЕН ПРИКАЗ

1. Правна и програмска заснованост на основите

Заштитно конзерваторските основи за село Гермијан - Општина Новаци, се изработуваат согласно доставено барање бр. 08-378/1од 09.08.2021г од страна на општина Новаци. Израбитувач на планот е ДООЕЛ "ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ"-Битола

Обврските за изработувањето на Урбанистички план за село Гермијан - Општина Новаци, пред се произлегуваат од со закон пропишаните правила и начин на изработка на истиот.

112	Y=7544946.5800	X=4530436.3800
113	Y=7544995.1700	X=4530440.4100
114	Y=7544991.6900	X=4530456.8600
115	Y=7545028.8200	X=4530462.2200
116	Y=7545034.4500	X=4530447.5700
117	Y=7545038.6800	X=4530443.9700
118	Y=7545044.2100	X=4530413.0000
119	Y=7545051.7900	X=4530414.4100
120	Y=7545052.9000	X=4530415.1100
121	Y=7545057.2297	X=4530409.8104
122	Y=7545046.9800	X=4530387.0300
123	Y=7545045.6000	X=4530362.4000
124	Y=7545050.2813	X=4530338.0060
125	Y=7545113.7200	X=4530350.1800
126	Y=7545149.0900	X=4530312.8600
127	Y=7545196.7600	X=4530286.2600
128	Y=7545216.1400	X=4530270.4300
129	Y=7545232.6300	X=4530256.9000
130	Y=7545244.2700	X=4530237.1400
131	Y=7545289.6900	X=4530181.4900

132	Y=7545301.3600	X=4530202.1900
133	Y=7545316.9800	X=4530229.3200
134	Y=7545324.7100	X=4530242.2800
135	Y=7545326.4200	X=4530235.6200
136	Y=7545354.8700	X=4530204.3700
137	Y=7545407.0385	X=4530138.6519
138	Y=7545460.8000	X=4530173.9900
139	Y=7545448.1900	X=4530145.7400
140	Y=7545478.0300	X=4530137.5300
141	Y=7545479.5800	X=4530116.2100
142	Y=7545477.0200	X=4530098.5300
143	Y=7545429.5800	X=4530062.3900
144	Y=7545433.7600	X=4530054.9100
145	Y=7545457.0900	X=4530054.8100
146	Y=7545489.7000	X=4530052.7200
147	Y=7545501.6000	X=4530060.8200
148	Y=7545509.6700	X=4530057.1000
149	Y=7545511.8500	X=4530048.0000
150	Y=7545512.9600	X=4530043.0100
151	Y=7545537.5000	X=4530050.4900
152	Y=7545561.5000	X=4530047.2100
153	Y=7545576.8617	X=4530053.0411
154	Y=7545601.3692	X=4530002.3878
155	Y=7545616.1362	X=4529975.5632
156	Y=7545627.4818	X=4529960.2416
157	Y=7545643.6606	X=4529939.9189
158	Y=7545657.9853	X=4529924.1970
159	Y=7545673.3941	X=4529912.6044
160	Y=7545694.4019	X=4529901.2137
161	Y=7545702.2000	X=4529895.2500
162	Y=7545700.8160	X=4529871.0781
163	Y=7545745.6290	X=4529871.0659
164	Y=7545751.2100	X=4529866.8600
165	Y=7545773.8484	X=4529837.7634
166	Y=7545778.7200	X=4529841.8300
167	Y=7545835.3061	X=4529830.2701
168	Y=7545845.2100	X=4529861.5600
169	Y=7545847.2197	X=4529870.0130
170	Y=7545897.3400	X=4529859.4100
171	Y=7545914.0600	X=4529875.8900
172	Y=7545922.5100	X=4529895.3600
173	Y=7545878.8100	X=4529902.9000
174	Y=7545872.1200	X=4529940.5200
175	Y=7545915.9200	X=4529946.1400
176	Y=7545899.2600	X=4529978.2400
177	Y=7545877.6500	X=4529972.8500
178	Y=7545851.5600	X=4529976.8000
179	Y=7545837.4800	X=4529985.0300

180	Y=7545829.9300	X=4529995.9900
181	Y=7545850.9900	X=4530010.3700
182	Y=7545841.7100	X=4530023.1700
183	Y=7545818.4000	X=4530021.7000
184	Y=7545817.4000	X=4530089.3800
185	Y=7545797.5400	X=4530094.2300
186	Y=7545787.3300	X=4530093.3700
187	Y=7545763.6900	X=4530099.9200
188	Y=7545731.6480	X=4530109.3261
189	Y=7545737.0511	X=4530126.5594
190	Y=7545663.0168	X=4530153.4680
191	Y=7545646.8400	X=4530140.1500
192	Y=7545648.8300	X=4530122.8700
193	Y=7545672.5200	X=4530114.3300
194	Y=7545654.5400	X=4530077.4100
195	Y=7545648.4700	X=4530062.0000
196	Y=7545641.9900	X=4530056.0400
197	Y=7545626.6900	X=4530061.4700
198	Y=7545617.2100	X=4530072.5100
199	Y=7545597.3800	X=4530071.5500
200	Y=7545578.9900	X=4530061.5200
201	Y=7545550.8000	X=4530103.5300
202	Y=7545527.3300	X=4530137.1100
203	Y=7545520.7800	X=4530145.4500
204	Y=7545516.2100	X=4530151.8000
205	Y=7545481.9500	X=4530199.0150
206	Y=7545447.6900	X=4530246.2300
207	Y=7545444.9700	X=4530249.8000
208	Y=7545440.8800	X=4530257.7400
209	Y=7545462.3900	X=4530274.5100
210	Y=7545433.0400	X=4530340.5500
211	Y=7545431.6100	X=4530347.6900
212	Y=7545421.6900	X=4530363.4600
213	Y=7545411.0100	X=4530363.7800
214	Y=7545400.8700	X=4530371.6800
215	Y=7545428.3000	X=4530377.1300
216	Y=7545402.9326	X=4530423.7947
217	Y=7545409.8880	X=4530427.5758
218	Y=7545395.3437	X=4530454.3329
219	Y=7545389.7200	X=4530467.8100
220	Y=7545384.5200	X=4530479.4400
221	Y=7545374.6400	X=4530494.9100
222	Y=7545348.1100	X=4530536.3800
223	Y=7545342.6400	X=4530551.5500
224	Y=7545325.5700	X=4530566.5800
225	Y=7545312.7700	X=4530581.8800
226	Y=7545253.3300	X=4530619.4800
227	Y=7545269.9600	X=4530653.1400

Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува **56,31ха.**

Од најсеверната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат се движи по источната граница на КП 1467, минува низ КП 698/1, се движи по северна граница на КП 702, се движи по северна граница на КП 699/1, се совпаѓа со источната граница на КП 699/1, минува низ КП 1483/2, се движи по источна граница на КП 1483/2, минува низ КП 740/1, минува низ 740/2, минува низ КП 740/1, се движи по источна граница на КП 761, минува низ КП 740/2, се движи по источна граница на КП 758, се движи по јужна граница на КП 757, минува низ КП 1467, се движи по северна и источна граница на КП 755, се движи по источна граница на КП 1455/1, се совпаѓа со источна граница на КП 753, минува низ КП 800, се движи по источна граница на КП 1491/2, се движи по северна граница на КП 1492, се совпаѓа со источна граница на КП 1232/2, се движи по граница на КП 1227, минува низ КП 1127, се движи по северна граница на КП 1232/3, се движи по северна граница на КП 1234, се совпаѓа со северна и источна граница на КП 1235, се движи по северна граница на КП 1492, минува низ КП 1492, се движи по источна граница на КП 1509, се движи по северна и источна граница на КП 1519 и стигнува до најисточна точка на планскиот опфат.

Од најисточна точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат продолжува да се движи по источна и јужна граница на КП 1519, минува низ КП 1491/2, се движи по источна граница на КП 1130 и стигнува до најјужната точка на планскиот опфат.

Од најјужната точка на планскиот опфат границата, минува низ КП 1130, минува низ КП 1494, се движи по нејзина западна граница, минува низ КП 1113, се движи по западна граница на КП 1113, минува низ КП 801, минува низ КП 1493/2, минува низ КП 800, се движи по западна граница на КП 799, минува низ КП 1468, минува низ КП 798, се движи по јужна граница на КП 1492, се движи по јужна и западна граница на КП 799, минува низ КП 1468, КП 798, се совпаѓа со западна граница на КП 791, минува низ КП 798, се совпаѓа со југоисточна граница на КП 793 и КП 794, се совпаѓа со западна граница на КП 794, КП 803, КП 805, КП 810, КП 783, минува низ КП 811, се движи по западна граница на КП 811, минува низ КП 772, се движи по јужна и западна граница на КП 815, се движи по југозападна граница на КП 775, се движи по јужна граница на КП 774, се движи по источна граница на КП 769, минува низ КП 1483/1, се движи по источна граница на КП 1508, се движи по јужна граница на КП 1058, КП 1507, КП 1506, КП 1505, минува низ КП 1483/1, се движи по источна граница на КП 1020, минува низ КП 1486, минува низ КП 1021, КП 1022, КП 1018, КП 1017, КП 1486, КП 1483/1, се движи по источна граница на КП 1485, минува низ КП 1015, КП 1014, минува низ КП 1470, се движи по источна и јужна граница на КП 981, минува низ КП 981, се движи по западна граница на КП 981 и стигнува до најзападната точка на планскиот опфат.

Од најзападната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат се движи по северната граница на КП 981, минува низ КП 1483/3, се совпаѓа со западна граница на КП 860/2, КП 859/2, КП 858, КП 857, КП 854/1, се совпаѓа со северна граница на КП 854/1, минува низ КП 1470, се совпаѓа со северна граница на КП 827, минува низ КП 826, КП 1545, КП 1544, КП 1543, КП 1542, КП 1540, КП 1488/2, се движи по северна граница на КП 1488/2 се совпаѓа со северна граница на КП 657, минува низ КП 654, се движи по северна граница на КП 653, минува низ КП 653, минува низ КП 685, се движи по источна граница на КП 1467 и стигнува до насевернатa точка на планскиот опфат.

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО И ДОКУМЕНТАЦИЈА РЕЛЕВАНТНА ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Подрачјето кој е предмет на разработка со овој урбанистички план претходно бил предмет на истражување и планирање само на Просторниот план на Република Македонија (2004 - 2020).

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение од МЖСПП - Сектор за просторно планирање со бр.УП1-15 381/2021 од 26.03.2021 год.)

Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со техн.бр. Y17520 од февруари 2021 се составен дел на Решението и содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повиоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

Условите за планирање на просторот претставуваат влезни параметри при планирањето и поставување на планските концепции и решенија по сите области релеванти за планирање на просторот и содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повиоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА:

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање ка просторот се наменети за изработка на Урбанистички план за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бац, Општина Новаци. Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма изнесува 56,31 ha и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

Дефинирањето на границите на планскиот опфат, со површина на истиот, ќе се утврди со одобрената Планската програма. Се задолжува Општина Новаци, по донесување на планот, да достави информација до Агенција за планирање на просторот и Министерство за животна средина и просторно планирање за конецниот плански опфат.

Во граници на плакстсиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планираwето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработката на Урбанистицки план за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бач, Олштина Новаци, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на лросторниот развој

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и уелужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатицко поврзување, локациона флексибилност и почитуваwе на објективните фактори на развојот.

Реализацијата на Урбанистичкиот план за селото согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.

Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди

економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат на селото.

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитувawe на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користewe, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

При обезбедувањето на потребните количини на вода потребно е синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода.

Околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување на селото да се оформат заштитни зони и да се дефинира рехсим на заштита во зоните.

Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето да биде врз основа на извршени хидрогеолошки испитувawa со што ќе се дефинира нивниот квантитет и квалитет.

Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подлохсени на третман на пречистувawe, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

Доколку во границите на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозмохсат функционирањето на пречистителна станица или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализацискатa мрежа, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациска мрежа на селото.

Во границата на планскиот опфат на селото минува површински водотек Јардарски Пороj за кој при изработката на планската документација потребно е да се предвиди регулација и заштитен појас со цел да се обезбеди заштита на просторот од негативните последици при појава на големи води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Планскиот опфат за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бач, Општина Новаци нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

Услови за лланирање на просторот за изработтса на Урбанистицки план за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бач, Општина Новаци

- За селото потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато скабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

Неопходно е поцитуваwe ка определбите на Просторниот лан во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и лорационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна.

Пpи изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Изградбата на викенд каселби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични камени да се насочува кон подрачја icou со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.

- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористуваwe на просторот и урбаните содрхсини согласно со сите видови на заштита.

Домување

- Основна определба ка станбената изградба во областа на домувањето за Урбанистички план за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бач, Општина Новаци, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во завискост од потребите и економските можности.

- Стакдардите за овозможуваwe ка лотребен и квалитетен станбен простор согласно ППРМ за селото треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20 - 25 m^2/жител станбена површина, 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена ка субстандардниот станбен фонд.

Јавни функции

- Организацијата на јавните функции при изработка на Урбанистички план за село Гермијан, КО Геpмијан и КО Бач, Општина Новаци, треба да се развива во следните насоки:

  Овозможување достапност на функциите до сите граѓани во регионот;

  Обезбедување на воедначен квалитет на пружените услуги;

  прилагодуваwe на лрограмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид ка услуга.

Индустрија

Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и ка агроикдустрискиот сектор.

Услови за лланирање на просторот за изработтса на Урбанистицки план за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бач, Општина Новаци

Доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со °Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.

Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив“ развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита.

Сообраќај и врски

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

А3 (М-5) - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље- Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел- врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Јбубакишта.

Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р2" и е со ознака:

Р2338 - (Меџитлија-врска со А2k -Гермијан-Старавина-Градешница Бешиште-врска со Р1107).

При планирање да се почитува Закокот за јавни патишта („Службен весник ка Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта („Службен вескик ка Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

Плакскиот опchат за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бач, Општина Новаци нема конфликт со постојките и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комукикациски мрежи.

Преку кабелските електронски комукикациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување ка одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бач, Општина Новаци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања ка нагибите.

Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.

Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистуваwe на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.

Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите ка тсонцентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.

Да се превземат активности за намалуваwe на бучавата и вибрациите од опремата, ео цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во лсивотната средина.

Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушуваwa во животната средина.

Да се изведуваат енергетски ефикасни објегсти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природното наследство

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македокија на просторот предложен за изработка на црбанистички план за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бач, Општина Новаци, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор,

Заштита на културното наследство

Согласно податоците од Археолошката карта на Република Македокија[r] на подрачјето на катастарстсите општини Гермијан и Бач нема евидентирани недвижни споменици на тсултурата и археолоштси лотсалитет.

Доколтсу при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артесhатсти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се лостапи во согласност со постоечтсата законстса регулатива (Закон за заштита тсултурното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристицки простори

- Предметната лотсација за тсоја што се наменети Условите за лланирање, припаѓа на Пелагониски туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 25 туристички локалитети.

Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Локацијата за која се наменети Условите за планират-бе на просторот за изработка на Урбанистички план за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бач, Општина Новаци, се наоѓа во простори погодни за слободни територии. Според тоа во согласност со Затсонот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мертсите за заштита и спасување.

Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.

Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VII степени по МКС, што наметкува задолхсителна примена ка нормативно-правна регулатива, со која се уредени посталтсите, условите и барawата за постигнување на технички тсонзистентен и етсономстси одржлив степен на сеизмичтса заштита, ісај изградбата ка новите објетсти.

Услови за лланирање на просторот за изработтса на Урбанистицки план за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бач, Општина Новаци

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животхата средина

При донесувањето ка Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за Урбанистички план за село Гермијан, КО Гермијан и КО Бач, Општина Новаци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатеки со Просторкиот план на Република Македонија.

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Задача на планската документација е изработка на УПС, со која ќе се постигнат следните цели:

- Усогласување на урбанистичкиот план со заклучните согледувања согласно Условите за планирање на просторот;
- Усогласување на урбанистичкиот план вон населено место со донесена важечка планска и проектна документација која е релевантна за планскиот опфат;
- Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;
- Дефинирање на примарна и секундарна сообраќајна инфраструктура - улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат;
- Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;
- За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат да се дефинираат услови за:
  - заштита и унапредување на животната средина, природното наследство и културното наследство;
  - заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи;
  - движење на лица со посебни потреби;
  - урбано зеленило и озеленетост;
  - други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.

Урбанистичкиот план како плански развоен документ треба да го постигне следното:

- Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;
- Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи;
- Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;
- Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето како необновлив ресурс и системите на инфраструктурата; и
- Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот.

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

Планскиот концепт на Урбанистички план за село Гермијан, Општина Новаци се базира на:

- Анализа на постојната состојба и можностите за развој;
- Имплементација на Планската програма и решавање на зацртаните цели и задачи;
- Усогласување на планскиот концепт со поставките и насоките дадени во Заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;
- Рационално и економично искористување на градежното земјиште;
- Надоградување на создадените вредности;
- Доследна примена на законската регулатива.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со Планската програма за изработка на УПС Гермијан, Општина Новаци. Така утврдената граница подразбира опфаќање на подрачје кое во најголем дел претставува неизградено земјиште.

Дистрибуцијата на содржините во планскиот опфат се детерминирани од повеќе зададености на просторот кои условуваат одредени сообраќајни решенија и модуси на поврзување на поедините делови од планскиот опфат.

Постоечкиот начин на користење на земјиштето во рамки на планскиот опфат кој е воден од интиутивни процеси во минатото не отстапува од логичките решенија кои подразбираат ефикасност, оптимални растојанија за сообраќај и поставеност на функциите кои треба да одговорат на потребите на жителите и планскиот концепт тоа го почитува во голема мера.

Во однос на наменските зони, доминантана е класата на намени А1.5 - станбени куќи во селски стопански дворови. Тоа во значителен дел претставува потврдување на постоечката изградена структура и логично надоврзување кон постоечката состојба во рамки на дефинираните граници и во контекст на очекувана атрактивност на селото како место за реализација на потребните на домаќинствата кои се занимаваат со стопанска дејност. Освен домување, во рамки на планскиот опфат се воспоставува и мрежа на јавни функции и дејности, како и уредени површини за зеленило со кои треба да се задоволат базичните потреби на населението.

- **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА**

Согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година, во Селото Гермијан биле регистрирани вкупно 195 жители од кои 3 се деца до 4 години (1,5% од вкупниот број на жители), а 25 се деца на возраст од 5 до 14 години (13% од вкупниот број на жители).

Прирастот на населението за период од 19 години (од 2002год. до денес) е податок до кој што може да се дојде преку метод на апроксимација изведен со користење на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година и анализа на постоечката состојба односно сублимација на инвентаризираниот градежен фонд и претпоставениот број на домаќинства.

Преку примена на демографски параметри врз апроксимативниот примерок и со метод на поставување на демографски рамки за развој во подрачјето кое за прв пат станува дел од градежната зона се доаѓа до планираниот број на жители за целото подрачје на планскиот опфат на УПС Гермијан.

Во опфатот на село Гермијан се претпоставува просечен годишен прираст од 1,0, според птосечниот годишен прираст на Македониј а согласно со податоците од пописот од 2002 година.

Прирастот на населението во новите граници на планскиот опфат на село Гермијан се очекува во најголем дел да се случи по механички пат со доселување на нови корисници на површините кои за прв пат се предмет на урбанизирање, како и по природен пат, со природен прираст на постоечкото население.

Вкупниот планиран број на жители во планскиот период од 2022 до 2033 година се предвидува да изнесува **216 жители** (=195 постоечки + 21 природен прираст).

Планираната просечна бруто густина на населеност изнесува 34,2 ж/ха.

Планираниот број на жители во планскиот период претставува влезен параметар за планирање на комуналната инфраструктура која треба да се изгради и да ја оптимизира и надогради постоечката во село Гермијан.

Бројот на жители е релевантен податок и при определеување на намената на површините кои теба да одговорат на потребите за објекти од јавен интерес како што се основно училиште, простори со зеленило и сл.

Околу 15% од населението се деца во школска возраст, што во планскиот период значи очекувани 32 деца за кои треба да се обезбеди површина за изградба на основно училиште. Нормативот за планирање на површини за основно училиште изнесува 20 м^2 по ученик, што значи дека во планскиот период има потреба од вкупно 648 м^2 површина за основни училишта.
Во рамки на планскиот опфат има обезбеден вкупна површина од 8602 м^2 за основно училиште која го опфаќа објектот и дворното место на постоечкото основно училиште.

- **ЗЕЛЕНИЛО**

Во насока на обезбедување на повисок стандард на домување, квалитет на работната средина и овозможување на начелото на одржлив развој, со урбанистичкиот план за село се дадени насоки за обезбедување на минимални површини со зеленило во рамки на единиците на градежно земјиште - блокови и градежни парцели кои ќе се формираат со урбанистчко - проектни документации во следна фаза.

Површините за зеленило, освен како утврдени наменски зони со основна класа на намени Д3 – спорт и рекреација, претставуваат обврска за реализација и во рамки на наменските зони од другите класи на намени, во дворните места на објектите, со минимален процент кој што треба да се задоволи при формирање на градежните парцели, односно, при реализација на градбите, за кој изнесува 20% во согласност со член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ бр.11/2018, Сл.весник на РМ бр.42/2020).

Според тоа, се доаѓа до показател од 460,8м^2 по глава на жител за зеленило, од кои 25,2 м^2 по глава на жител јавно зеленило.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ЗЕЛЕНИЛО НА НИВО НА ПЛАНСИ ОПФАТ		просечен процент на зеленило во рамки на наменската зона	површина на зеленило во наменската зона	површина на зеленило по глава на жител
		%	м^2	м^2/ж
	А - домување и престој	20%	76928	356.15
	В - јавни институции	20%	3900	18.06
	Г - рударство, прозводство и индустрија	20%	20301	93.99
	Д - зеленило, рекреација и меморијални простори	100%	4900	22.69
*** ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО**			**4900**	**22.69**
ОСТАНАТО ЗЕЛЕНИЛО			**101130**	**468.19**
ВКУПНО			**106030**	**490.88**

ПЛАНИРАН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ПЛАНСКИОТ ПЕРИОД	**216**

Целокупната површината на планскиот опфат на УПС Гермијан е поделена на единици на градежно земјиште - блокови. Во рамки на опфатот предвидени се 5 блока, така што секој блок е со граници кои се совпаѓаат со границата на плански опфат, граница на наменска зона или осовини на улици. За секој блок поединечно се дадени посебни услови систематизирани во табеларен приказ.

БЛОК 1

Граници на блокот:
Север: осовина на ул. „1"–магистрална улица низ село и ул.„16"-колско пешачка
Исток: граница на плански опфат
Југ: граница на плански опфат
Запад: граница на плански опфат

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 1				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	**ха**	%
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	160670	16.07	91.92%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	14128	1.41	8.08%
	ВКУПНО	**174798**	**17.48**	**100%**

БЛОК 2

Граници на блокот:
Север: граница на плански опфат
Исток: граница на плански опфат
Југ: осовина на ул. „1"–магистрална улица низ село
Запад: осовина на ул. „3"–станбена улица

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 2				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	**ха**	ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	97770	9.78	85.05%
Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д3 - спорт и рекреација	4900	0.49	4.26%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	12280	1.23	10.68%
	ВКУПНО	**114950**	**11.49**	**100%**

БЛОК 3

Граници на блокот:
Север: осовина на ул. „1"–магистрална улица низ село
Исток: ул.„16"-колско пешачка
Југ: граница на плански опфат
Запад: осовина на ул.„7"-индустриска улица

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 3				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	**ха**	ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	22032	2.20	62.49%
В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В5.1 – Цркви	10562	1.06	29.96%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	2664	0.27	7.56%
	ВКУПНО	**35258**	**3.53**	**100%**

БЛОК 4

Граници на блокот:
Север: граница на плански опфат
Исток: осовина на ул.„7"-индустриска улица и осовина на ул. „3"–станбена улица
Југ: граница на плански опфат
Запад: осовина на ул. „4"-индустриска улица и осовина на ул. „5"-индустриска улица

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 4				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	**ха**	ПЛАНСКИ ОПФАТ
Г РУДАРСТВО ЕНЕРГЕТИКА ИНДУСТРИЈА	Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	69957	7.00	76.15%
В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В1.1 - основно училиште	8602	0.86	9.36%
	В5.1 – Цркви	338	0.03	0.37%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	12973	1.30	14.12%
	ВКУПНО	**91870**	**9.19**	**100%**

БЛОК 5

Граници на блокот:
Север: граница на плански опфат
Исток: осовина на ул. „4"-индустриска улица и осовина на ул. „5"-индустриска улица
Југ: граница на плански опфат
Запад: граница на плански опфат

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 5				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	**ха**	ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	104170	10.42	71.25%
Г РУДАРСТВО ЕНЕРГЕТИКА ИНДУСТРИЈА	Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	31549	3.15	21.58%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	10493	1.05	7.18%
	ВКУПНО	**146212**	**14.62**	**100%**

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО, НА ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Планскиот опфат опфаќа земјиште кое во основа е дефинирано како:
- земјиште со иста наменска употреба
- земјиште за општа употреба (комунална инфраструктура и зеленило).

6.1. ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СО ДЕФИНИРАНА НАМЕНСКА ЗОНА

Согласно дефинираните намени и наведените услови од Планската програма, како и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20 и 219/21 и 104/22) во границите на планскиот опфат дефинирано е земјиште со следните поединечни основни класи намени:

А1.5 - станбени куќи во селски стопански двор
В1.1 - основно училиште
В5.1 – цркви
и групи на класи на намена:
Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Д3 - спорт и рекреација на зелени површини

Во рамки на наменските зони предвидено е функционирање на основната класа на намени со комплементарни класи на намени, а за постигнување на флексибилност на урбанистичкиот план се дава можност за реализација и на компатибилни намени.

Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:
- тие треба да бидат дополнување на основната намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на осоновната намена;
- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
- тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

Компатибилни намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.
Компатибилни намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

Компатибилните намени во истата просторна единица (градежна парцела) можат да бидат застапени со најмногу 40% за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица**.**

Максималната висина на венецот, за рамен терен, се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри. За терени во пад, доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.

Висинската кота на тротоарот се уредува со нивелманскиот план и се изразува како кота на надморска височина.

Максималната висина на венец изразена во должни метри се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредена височина. Најмалата спратна височина за домување, сметано од плоча до плоча изнесува 2,90м, а за деловна дејност 3,40.

Висината на нултата плоча не смее да се поместува под котата на тротоарот. За градби на терен со голем наклон котата на приземјето не може да биде повисока ниту пониска од половина спратна височина од котата на пристапната улица или тротоар, зависно од тоа дали пристапната улица е над или под лицето на парцелата и пристапот до површината за градење.

- **СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОР**

Селскиот стопански двор по правило се состои од два дела: станбен дел (чист дел) и економски дел (нечист дел).

Економскиот дел од селскиот стопански двор содржи:
- градби за одгледување на животни: стаи за коњи, штали за говеда, градби за живина, градби за кози, овци и свињи, градби за зајаци, гулаби и украсна живина;
- пратечки објекти за градбите за одгледување на животни: бетонски писти, испусти и рампи за стока, објекти за складиштење измет и осока, гумно;
- градби за складиштење на сточна храна: магацини за концентрат, сило јами, сило ровови и трапови;
- градби за складиштење на земјоделски производи: амбари, кошеви, и
- други градби потребни за селски стопански двор: хангари за машини и возила, пушилници и сушилници, магацини и друго.

Во планирањето на селски стопански двор нечистиот дел од дворот мора да се постави во правецот на ветерот зад станбениот дел.

Најмалото растојание помеѓу станбената градба и сточната штала е 15м.

Гумното, складовите на измет и осока, како и полскиот клозет мораат да бидат оддалечени од станбениот дел најмалку 20м, низ доминантниот правец на ветер и на пониска кота.

На терен со наклон кон јавниот или пристапниот пат (нагоре) или на терен со наклон од патот (надолу), станбениот дел од селскиот стопански двор секогаш се поставува на највисоката кота од градежната или катастарската парцела.

6.2. ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20 и 219/21 и 104/22) во границите на планскиот опфат земјиштето за општа употреба е дефинирано со следните групи на класи на намени:

Д3 – спорт и рекреација на зелени површини
Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

6.3. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќаен план

Планираната улична мрежа во планскиот опфат на УПС Гермијан, Општина Новаци е поставена врз база на состојбата на терен, изведената комунална супраструктура (постоечки улици, изведена комунална инфраструктура), како и актуелната законска и подзаконска регулатива. Сообраќајната инфраструктура во локалитетот ја сочинуваат следните категории на улици:

ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:

-магистрална улица низ село – пресек 1-1:
ул. „1“

- станбени улици – пресек 2-2:
ул. „2“

- станбени улици – пресек 3-3:
ул. „3“

- индустриски улици – пресек 4-4:
ул. „4“,ул. „5“,ул. „6“,ул. „7“

- пристапни улици – пресек 5-5:
ул.„8“, ул.„9“, ул.„10“

- пристапни улици – пресек 6-6:
ул.„11“, ул.„12“, ул.„13“, ул.„14“, ул.„15“ ,ул.„18“, ул.„19“

- Колско пешачка улица пресек 7-7:
Ул.„16„

- Колско пешачка улица пресек 8-8:
Ул.„17„

МАГИСТРАЛНА УЛИЦА

НИЗ СЕЛО

УЛ.„1"

ПРЕСЕК 1-1



СТАНБЕНИ УЛИЦИ

УЛ.„2"

ПРЕСЕК 2-2



СТАНБЕНИ УЛИЦИ

УЛ.„3"

ПРЕСЕК 3-3



ИНДУСТРИСКИ УЛИЦИ

УЛ.„4",УЛ.„5",УЛ.„6",УЛ.„7„

ПРЕСЕК 4-4



ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

УЛ.„8", УЛ.„9", УЛ.„10"

ПРЕСЕК 5-5



КОЛСКО-ПЕШАЧКА

УЛИЦА

УЛ.„16"

ПРЕСЕК 7-7



ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

УЛ.„11", УЛ.„12", УЛ.„13"

, УЛ.„14", УЛ.„15",

УЛ.„18", УЛ.„19"

ПРЕСЕК 6-6



КОЛСКО ПЕШАЧКА

УЛИЦА

УЛ.„17"

ПРЕСЕК 8-8



Стационарен сообраќај

Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат е планирано согласно:
• дефинираната намена на земјиштето; и
• нормативните акти од дел 9. Стационарен сообраќај (член 127, 128, 129, 130, 131, 132, 133, 134, 135) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20 и 219/21 и 104/22).

Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од член 133 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20 и 219/21 и 104/22).

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење. Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

Нивелациски план

Како составен дел на урбанистички план е изработен Нивелациски план на планираните сообраќајници. Со нивелацискиот план се дефинирани висински коти и координати на осовински точки како и надолжен нагиб на нивелетата.

6.4. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУТКУРА

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Согласно податоците од надлежните институции, во рамки на планскиот опфат постои изведена хидротехничка мрежа и објекти:

• ЈП „Стрежево" – Битола (допис бр.09-42/115 од 23.07.2021) – изведен цевковод за снабдување на село Гермијан со сирова непреработена вдоа преку системот ЈП „Стрежево" од ПВЦ цевки (ø160мм, PN 10bar).

• ЈКП „Водовод" Битола (допис бр.08-5/72 од 19.07.2021) – изведена водоводна мрежа

За подрачјето на планскиот опфат релевантен е Проект за ифраструткура за сообраќајна инфраструктура и фекална канализација за село Гермијан.
Во графичкиот дел од документационата основа се нанесени и соодветно истолкувани во легенда сите податоци за хидротехничката мрежа добиени од надлежните институции.

ЕНЕРГЕТИКА

Електро-енергетска инфраструктура

Со Урбанистички план за село Гермијан, Општина Новаци, анализирана е електро-енергетската мрежа за плански период од 2022 до 2032 година.

Потребите за електрична моќност во планскиот опфат се дефинирани со користење на следните коефициенти:
- А - домување: 1kW/жител
- В - јавни институции: 193 kW/ха
- Г – рударство, производство и индустрија: 193 kW/ха
- Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори: 15 kW/ха
- Е - инфраструктура: 15 kW/ха

За постоечката 10(20)kV надземна мрежа во планската документација согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија предвиден е заштитен појас од 10м лево/десно во кој не се дозволуваат градби.
За планскиот опфат релевантни се три постоечки трафостаници, од кои две се столбни, а една е тип кула, и за нив е планирана надградба во тип компактно-бетонска трафостаница (КБТС), со парцела 5х4 метри.
Деталите и развојот ќе бидат дефинирани во следна фаза, а во соработка со стручна служба на ЕВН Македонија, односно, надлежниот КЕЦ.

Електронска комуникациска инфраструктура и опрема

Според податоците добиени од АЕК, Македонски Телеком АД – Скопје и во границата на планскиот опфат има постојни телекомуникациски инсталации кои ги опслужуваат сите активни корисници на просторот:
- бакарни кабли;

Развојот и димензионирањето на телефонската мрежа во иднина треба да се определи за домување и јавните институции спрема бројот на вработени и површината на просторот. Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планира да се реализираат во коридорите на сообраќајниците, односно на тротоарите и пристапните улици.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план.

7.1. Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на УПС Гермијан, Општина Новаци и имаат правно дејство само врз градителска активност која следи по стапување во сила на урбанистичкиот план за село.

7.2. Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на УПС се третираат како постоечка состојба.

7.3. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на УПС Гермијан, Општина Новаци, чии граници се опишани во *точка 2.* од Планската документација на УПС, а посебните услови се однесуваат на секој блок поединечно.

7.4. Планскиот опфат е организиран во 5 блока чии граници се совпаѓаат со осовините на новопланираните улици, граница на наменска зона и со границите на планскиот опфат.

7.5. Во случај кога границата на градежната парцела се совпаѓа со границата на катастарската парцела и до неа има обезбеден пристап, истата се разработува со Основен проект.

7.6. Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и објекти ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото.

7.7. При дефинирањето на градежните парцели со соодветна планска, проектна или урбанистичко – проектна документација согласно важечка законска и подзаконска регулатива ќе се утврдат следните урбанистички параметри:
- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела (м^2);
- површина за градење (м2);
- процент на изграденост (%);
- вкупна бруто развиена површина по катови (м2);
- коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна класа на намена на земјиштето и градбите;
- компатибилни класни на намени;
- максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена (%);
- максимален број на спратови;
- максимална дозволена висина на венец;
- минимален процент на зеленило во парцела;

7.8. Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

7.9. Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:
- тие треба да бидат дополнување на основната намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на осоновната намена;

- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
- тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

7.10. Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20 и 219/21 и 104/22). Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

7.11. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап. Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот. Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина во случаи на планирани сообраќајници, а во случаи на изведени сообраќајници висинската кота се одмерува од изведениот тротоар.

7.12. Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежната линија од страната на лицето на градежната парцела.

7.13. Максималната височина на градбата изразена во должни метри е надополнета со планска одредба која го одредува и го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредената максимална височина на градбата.

7.14. Максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот во случај на совпаѓање на градежната линија со регулационата линија е 15см, при што пристапната патека или тротоарот задолжително се совладува со континуиран пропишан наклон. Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

7.15. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената и специфичноста на истиот.

7.16. Доколку при изградба на нов објект или реконструкција и уредување на улиците и отворените простори дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

7.17. За сите трансформаторски станици да се обезбеди пристап на товарно возило за изградба на истите и нивно тековно одржување.

7.18. Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните фекални и атмосферски води.

7.19. Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и

други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации“ на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

7.20. Предвидените траси за комунална инфраструктура (хидротехничка, електро-енергетска, електронска комуникациска и топловодна) се наоѓаат во рамки на земјиште за општа употреба. Диспозицијата на трасите може да биде предмет на промена со изработка на урбанистички проекти.

7.21. Не е дозволена градба во рамки на заштитните коридори на инфраструктурните водови.

7.22. Површините наменети за зеленило низ кои што е евидентирано или се планира поминување на траси на инфраструктурни водови и нивни заштитни коридори да се уредуваат исклучиво како површини со ниска трева, без високо зеленило.

7.23. При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците. Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

7.24. Колскиот пристап до секоја градежна парцела е обезбеден од сообраќајниците од секундарната улична мрежа.

7.25. Со цел надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционална пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и лицата со намалена подвижност, задолжително се почитуваат одредбите од делот 13. Стандарди за мобилност и пристапност (член 188, 189, 190, 191, 192, 193, 194, 195 и 196) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21 и 104/22).

7.26. Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење. Елементите од урбана опрема не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес.

7.27. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

7.28. Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило. Минимална застапеност на зеленилото во рамките на градежните парцели под кое не се предвидува градба да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/2018).

7.29. Задолжително да се почитуваат одредбите од делот 11. Зелени инфраструктури (член 163, 164, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175, 176, 177, 178 и 179) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21 и 104/22).

7.30. Согласно Законот за одбрана, Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и Законот за управување со кризи, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

7.31. Согласно изработените ЗКО за културно наследство за село Гермијан, Општина Новаци, со предложените мерки за заштита се предлагаат насоки за понатамошно урбанистичко планирање во границите на опфатот. Постапувањето според насоките во заштитно конзерваторските основи обезбедува донесување на плански решенија кои нема да бидат во спротивности со законските акти од доменот на наследството, што ке овозможи услови за нивна соодветна идна имплементација.

7.32. Критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежни земјишта:

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините, предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот за државната управа и надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
- Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките
- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и другите активности да се врши во согласност со прифатените современи техники и стандарди, прилагодени на научно – техничкиот развој на начин на кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.
- Објектите и постојките кои што се во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата вклучувајки и цевководи за транспорт на такви материи и супстанци, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води.
- Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.
- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл. Весник на РМ бр. 18/99)
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува:
  - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите.
  - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите
  - да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање
  - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите без одобрение
  - да се копаат прокопи и канали по должината на насипот и коритото поблиску од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножницата и насипот
  - да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи)

7.33. За наменските зони во планскиот опфат дефинирани се следните урбанистички параметри:

А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор
вкупна површина во плански опфат: 38,46 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,8
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

В1.1 – основно образование, основно училиште
вкупна површина во плански опфат: 0,86 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1.2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,0м
компатибилни класи на намени: /

В5.1 –цркви
вкупна површина во плански опфат: 1,09 ха

Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
вкупна површина во плански опфат: 10,15 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 0.6
максимална катност: П
максимална висина на венец: согласно УП
компатибилни класи на намени: /

Д3 – спорт и рекреација
вкупна површина во плански опфат: 0,49 ха

Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
вкупна површина во плански опфат: 5,25 ха

7.34. При разработка на урбанистичките параметри од деталниот урбанистички план, за тоа што не е регулирано со овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20 и 219/21 и 104/22).

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на блоковите дефинирани со Урбанистички план за село Гермијан, Општина Новаци.

8.1 Процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, катноста и висината на венец ќе се дефинираат согласно табелата за максимално дозволени урбанистички параметри во рамки на градежните парцели која е составен дел на нумеричкиот дел на урбанистичкиот план за село.

8.2 Доколку при разработка на урбанистичкиот план за село се дефинираат нови наменски употреби на земјиштето кои се компатибилни на наменската зона урбанистичките параметри ќе бидат определени така што процентот на изграденост на ниво на градежна парцела не смее да надмине 60%.

8.3 Максималната висина на венецот да се планирана во однос на тротоарот од планираната улица, односно, заштитниот тротоар на градбите, земен како нулта кота.
Планираната висина на градбите треба да биде пресметана со следните висини:

- кота на тротоар/заштитен тротоар (нулта кота): ± 0.00 м;
- кота на прво ниво (нулта плоча - е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар): ќе се дефинира со проектна програма за градбите и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека;
- катна висина за домување: мин. 2,90 м.
- катна висина за деловна дејност: мин. 3,40 м.
- катна висина за друга намена: ќе се дефинира со проектна програма за градбите.

8.4 Бројот на потребни паркинг места ќе се дефинира со проектна програма во зависност од содржината и потребите на градбата, а ќе се определи согласно важечка законска регулатива

8.5 Дозволено е учество на комплементарни намени кои треба да ги исполнуваат следните услови:
- тие треба да бидат дополнување на основната намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на осоновната намена;
- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
-тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција

8.6 Доколку при реализација на планираната градба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

8.7 Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило. Минимална застапеност на зеленилото под кое не се планира градба да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/18).

8.8 Границите на блоковите претставуваат затворени полигонални линии кои се совпаѓаат со осовини на сообраќајници и граница на плански опфат на урбанистичкиот план и за секој блок поединечно важат следните параметри:

БЛОК 1

Граници на блокот:
Север: осовина на ул. „1"–магистрална улица низ село и ул.„16"-колско пешачка
Исток: граница на плански опфат
Југ: граница на плански опфат
Запад: граница на плански опфат

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 1				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	**ха**	%
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	160670	16.07	91.92%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	14128	1.41	8.08%
	ВКУПНО	**174798**	**17.48**	**100%**

А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор
вкупна површина во плански опфат: 16,07 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,8
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
вкупна површина во плански опфат: 1,41 ха

БЛОК 2

Граници на блокот:
Север: граница на плански опфат
Исток: граница на плански опфат
Југ: осовина на ул. „1"–магистрална улица низ село
Запад: осовина на ул. „3"–станбена улица

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 2				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	**ха**	ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	97770	9.78	85.05%
Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д3 - спорт и рекреација	4900	0.49	4.26%

Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	12280	1.23	10.68%
	ВКУПНО	**114950**	**11.49**	**100%**

А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор
вкупна површина во плански опфат: 9,77 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,8
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

Д3 – спорт и рекреација
вкупна површина во плански опфат: 0,49 ха

Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
вкупна површина во плански опфат: 4,49 ха

БЛОК 3

Граници на блокот:
Север: осовина на ул. „1"–магистрална улица низ село
Исток: ул.„16"-колско пешачка
Југ: граница на плански опфат
Запад: осовина на ул.„7"-индустриска улица

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 3				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	**ха**	ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	22032	2.20	62.49%
В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В5.1 – Цркви	10562	1.06	29.96%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	2664	0.27	7.56%
	ВКУПНО	**35258**	**3.53**	**100%**

А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор
вкупна површина во плански опфат: 2,20 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,8
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

В5.1 – Цркви

вкупна површина во плански опфат: 1,06 ха

СТЕПЕНИ НА ЗАШТИТА
за подрачјето на опфатот на УП за село Гермијан

- Во опфатот на УП за село Гермијан, за објектот на црквата Св. Ѓорги на КП 769, со статус на предлог / се пропишува втор (2) степен на заштита.
- За контактната зона - делот од катастарската парцела 802/1 кој е во рамките на опфатот на УПС Гермијан, се пропишува трет (3) степен на заштита.

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се
почитуваат следните општи мерки на заштита:
- Сите превземени мерки на заштита во опфатот се одредуваат според вредностите дефинирани со валоризација и категоризација на објектот со статус предлог, и се изведуваат под надзор од надлежната институција.
- Ревитализацијата е определена во зависност од пропишаниот режим на заштита, а воведувањето на нови функции се сообразува според можностите на зоната.
  - На постојните зони во опфатот на УПС Гермијан и тоа : објектот на црквата Св. Ѓорги со статус на предлог, и контактната зона / делот од катастарската парцела 802/1
  кој е во рамките на опфатот на УПС Гермијан, / не се дозволени никакви интервенции
  без заштитно-конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на
  културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство.
  - На постојниот објект на црквата Св. Ѓорги, во заштитената зона и е предвиден да
  добие статус на заштитено добро, не се дозволени никакви интервенции без согласност на надлежна институција.
  - При обликувањето на надворешниот изглед на објектите, во опфатот на заштитеното подрачје да се користат природни и автентични материјали, а се препорачува и користење на традиционалните начини на градба.
  - При планирањето на било каква припремна градежна активност, како законска одредба согласно чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник
  на РМбр.20/04г.) во случај ако се откријат културни слоеви и наоди од претходно
  живеење, веднаш да се извести надлежната установа /НУ Завод и музеј - Битола/.

Од аспект на заштита на културното наследство подрачјето на опфатот кое подлежи под
(2) втор степен на заштита, треба да се почитуваат следните насоки:

- Режимот на заштита од втор (2) степен, се однесува на објектот на црквата Св. Ѓорги, категоризиран како значајно културно наследство, во зоната на ограничена, односно гарантирана заштита. На објектот црква Св. Ѓорги се дозволува конзервација, реставрација, реконструкција на одредени делови и санација, согласно законската регулатива
- Работите на непосредна заштита не смеат да бидат во спротивност со целите на заштитата и изворниот карактер на добрата.
- При изработката на Урбанистички план за с.Гермијан, во посебните одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата во зоните на заштита, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.
- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања.

По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се

изврши ревалоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим.
- Режимот на заштита од (3) трет степен, подразбира ограничувања во поглед на габаритот и катната висина на објектите во контактната зона како и прилагодување на архитектонскиот израз кон наследената рурална архитектура и традиционалните материјали и техники на градба.
- Преземањето на мерки на непосредна заштита на постојните објекти во состав на контактната зона се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната установа за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Поединечни заштитени добра (режим на заштита од втор степен)

Зачувување на изворната состојба на објектот на црквата Св. Ѓорѓи
Со режимот на заштита од втор (2) степен, се предлагаат мерки на зачувување на постојната сосотојба и секој друг вид директна интервенција на заштитените добра што се
преземаат во јавен интерес според чл.11 точ.27 од од Законот за заштита на културното
наследство.
Согласно Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно
- конзерваторските основи за културно наследство (Сл.В.РМ бр.113/2021) со пропишаните
интервенции се планира постојната структура да се зачува во постојна состојба.

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ УСЛОВИ :
•□ На предметниот објект на црквата Св.Ѓорги село Гермијан, не смее да се преземаат никакви градежни зафати без предходен увид и одобрение од надлежната установа за заштита на културно наследство.
Планираните мерки на непосредна заштита ке бидат определени согласно законската регулатива од страна на надлежната установа .

Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
вкупна површина во плански опфат: 0,27 ха

БЛОК 4

Граници на блокот:
Север: граница на плански опфат
Исток: осовина на ул.„7"-индустриска улица и осовина на ул. „3"–станбена улица
Југ: граница на плански опфат
Запад: осовина на ул. „4"-индустриска улица и осовина на ул. „5"-индустриска улица

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 4				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	**ха**	ПЛАНСКИ ОПФАТ
Г РУДАРСТВО ЕНЕРГЕТИКА ИНДУСТРИЈА	Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	69957	7.00	76.15%
В ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ	В1.1 - основно училиште	8602	0.86	9.36%
	В5.1 – Цркви	338	0.03	0.37%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	12973	1.30	14.12%
	ВКУПНО	**91870**	**9.19**	**100%**

Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
вкупна површина во плански опфат: 7,00 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 0,6
максимална катност: П
максимална висина на венец: согласно УП
компатибилни класи на намени: /

В1.1 –основно училиште
вкупна површина во плански опфат: 0.86 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1.2
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,0м
компатибилни класи на намени: /

В5.1 – Цркви
вкупна површина во плански опфат: 0,03 ха

Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
вкупна површина во плански опфат: 1,3 ха

БЛОК 5

Граници на блокот:
Север: граница на плански опфат
Исток: осовина на ул. „4"-индустриска улица и осовина на ул. „5"-индустриска улица
Југ: граница на плански опфат
Запад: граница на плански опфат

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БЛОК 5				
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА		УДЕЛ
		м²	**ха**	ПЛАНСКИ ОПФАТ
А ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ	А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор	104170	10.42	71.25%
Г РУДАРСТВО ЕНЕРГЕТИКА ИНДУСТРИЈА	Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	31549	3.15	21.58%
Е ИНФРАСТРУКТУРИ	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	10493	1.05	7.18%
	ВКУПНО	**146212**	**14.62**	**100%**

А1.5 – станбени куќи во состав на селско стопански двор
вкупна површина во плански опфат: 10,42 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 1,8
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени: Б1 (до 20%)

Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
вкупна површина во плански опфат: 3,15 ха

максимален процент на изграденост: 670%
максимален коефициент на искористеност: 0.6
максимална катност: П
максимална висина на венец: согласно УП
компатибилни класи на намени: /

Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
вкупна површина во плански опфат: 1,05 ха

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

9.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во доменот на заштитата на животната средина основната цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.

Локалитетот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на планираната намена, проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се очекува да бидат посебно изразени, но мора да бидат земени во предвид.

- **Заштита на воздухот**

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се оформи (каде што е можно) заштитно зеленило во простори со различен степен на чистота на работната средина, кои имаат значење од аспект на подобрување на микроклиматските влијанија.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
- примена на соодветни техничко - технолошки мерки;
- обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај сообраќајница;
- уредување на зелени површини во рамките на градежната парцела и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленило во и надвор од планскиот опфат.

- **Заштита на водите**

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи, а во овој плански документ соодветно место треба да најдат следните поставки:

- заштита на проточните и подземните води со обезбедување на соодветни техничко-технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадните води, пречистителни станици и сл.);
- доследно почитување на прописите кои се однесуваат на големината и одржувањето на санитарно - заштитните зони;
- неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот;
- континуирано следење на квалитетот на водите.

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи за заштита на проточните и подземните води – Закон за водите (Сл.Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16). Со цел за остварување на поставката за планско и рационално користење на водите, се предлагаат мерки за обезбедување на

нивниот квалитет меѓу кои: техничко-технолошки мерки, изградба на целосна канализациона мрежа, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и тн.

- **Заштита на почвата**

Чиста и незагадена почва е исто така, еден од важните предуслови за заштита на животната средина. Во таа смисла треба да се обезбеди поголема контрола при употребата на хемиските заштитни средства, материјалите и суровините кои ќе се користат во прометот и работењето на планираните содржини во рамките на градежната парцела.

- **Заштита од бучава**

Заштитата од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти: Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр.79/07, 142/10, 47/11, 163/13 и 146/15); Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл. весник на РМ бр.01/09 и 38/13).

На локалитетот се планира зона за инфраструткурни објекти, со периферна диспозиција во однос на градското подрачје, далеку од работните и зоните за домување и не претставуваат потенцијални извори на бучава.

При изградба на објектите потребно е да се предвидат технологии и техники кои ќе придонесат за намалување на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените мерки.

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајницата, треба да се решава со обезбедување на заштитно зеленило покрај истата во рамките на градежната парцела, кое во исто време ќе значи и озеленување и оплеменување на просторот во дворното место.

- **Третман на отпад**

Законот за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Во рамките на планскиот опфат, имајќи ја во предвид планираната намена, содржини и дејности кои ќе се одвиваат во планираните градби, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад.

Заради тоа е потребно планско согледување и определување на соодветна локација за депонија како и нејзино организирање и уредување за современ транспорт, третман и уништување на отпадот.

9.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18), Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

1) Изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
2) Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
3) Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
4) Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5) Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура.
Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:
- Засолнување;
- Заштита и спасување од поплави;
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- Заштита и спасување од урнатини;
- Заштита и спасување од техничко технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација;
- Згрижување на загрозеното и настраданото население;
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- Прва медицинска помош;
- Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- Асанација на теренот.

- **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

Во доменот на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16, 83/18), Законот за пожарникарството (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 36/16) и други позитивни прописи, при планирање на просторот важни се следните критериуми за заштита од пожар:

- Пристап со возило до секој дел од локалитетот односно до секоја градба;
- Сообраќајните површини да се со ширина не помала од 6,0м со што се обезбедува пристап на противпожарно возило, а просторот околу градбите да овозможува движење и интервенирање околу градбите, што е во соглсаност со Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. весник на РМ бр.32/11):
- Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
- Во случај на пожар, планскиот опфат наменет за домување, зеленило, земјиште за општа употреба и комунална супраструктура, ќе го опслужуваат противпожарните единици од Општина Новаци;
- За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост од пожар.
- За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.
- Предвидување на надворешна противпожарна хидрантска мрежа која одговара на прописите за надворешни противпожарни хидранти во населени места, при што, растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5м, а најмногу 80м.
- Да се овозможи непречен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот.
- меѓусебното растојание на градбите при проектирањето и изведувањето, односно, потребното меѓусебно растојание на градбите треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помало од 8м согласно член 24 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. весник на РМ бр.32/11)

- **Мерки за заштита и спасување од урнатини**

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање и во понатамошната разработка и спроведување со основни и урбанистички проекти, треба да се води сметка за следните мерки:

- Планираната височина на градбите да овозможува непречени услови за заштита и спасување во случај на природни и техничко-технолошки хаварии;
- При рушење, објектот зафаќа Н/2 од површината околу себе, односно рушевините да се во рамките на парцелата;
- Сообраќајната мрежа во комплексот да не биде попречена со рушевини заради непречен пристап на интервентни возила во случај на пожар, потреба од медицинска и прва помош, други специјални возила, итн;
- Сите слободни простори и површини наменети за зеленило, во случај на потреба ќе се користат за евакуација на луѓе и материјални добра, укажување на прва помош, активирање на единици или опрема на специјализирани екипи за дејства и активности во функција на помош и заштита, отстранување на дефекти и друго;
- Заради заштита на теренот од можни свлечишта потребно е да се изработат елаборати со геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања врз основа на кои ќе се пропишат соодветни решенија.

- При проектирање да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со полама количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

- **Мерки за заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди и техничко-технолошки несреќи**

Во рамките на планскиот опфат, во планираните капацитети со основна намена за инфраструктурни објекти (пречистителна станица и трансформаторска станица), како и предвидената можност за организација и уредување на комплементарните намени во функција на основната намена, доколку се одвиваат процеси, дејности и активности кои не побаруваат многу енергија или создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и каде не се очекува да предизвикаат поголеми техничко-технолошки несреќи, при планирањето и проектирањето мора доследно да се применуваат законските регулативи кои ја регулираат соодветната проблематика, односно да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18) и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа проблематика.

- **Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18), да се предвидат следните мерки:
